**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

од Четвртото продолжение на седницата на

Собранието на Република Македонија

одржана на 28 март 2003 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Рпублика Македонија, сала за седници, со почеток во 1,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа пртседаваше Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по Тринаесеттата седница на Собраниетона РМ.

Пратениците Никола Груевски, Ѓорѓи Трендафилов, Сашко Ќедев, Томе Тромбев, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Весна Борозан и Андреј Жерновски, известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам сега да притиснете едно од копчињата на системот за гласање и да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Колеги, дали сите ги притиснавте копчињата?

Ве молам, да ги притиснете копчињата за гласање да ги видиме колку пратеници се присутни во салата.

Присутни се 72 пратеници

Констатирам дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точка 8.

Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени и ги имате пред вас.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитувани колеги, се јавувам во својство на известиел од ЗПК, извештајот Ви е доставен. Нашата комисија заседаваше 14 март 2003 година и истата констатира дека има потреба од донесување на законот односно за изменување и дополнување на законот за акцизите од прижини содржани во предлогот. Исто така, оценуваме дека има и уставен основ за негово донесување и дека начелата врз кои се заснова Законот се во соглсност и со Уставот и со правниот систем. На предлог законот Комисијата не поднесе амандмани.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор. Никој.

Доколку никој не бара збор, на Собранието му го предлагам следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон, за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласале 52 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници, против се 2.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Во салата се присутни 72 пратеници.

За гласале 45 пратеници, 1 е воздржан, против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека е усвоен и предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлагам Предлогот на законот да го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 62 пратеници, воздржани 2, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

Минуваме на точка 9.

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласале 57 пратеници, воздржани 3, против нема. Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлоготна законот.

Ве молам да гласаме.

Уште еднаш да го утврдиме кворумот во салата.

Присутни пратеници во салата се 75.

Значи, одиме понатаму.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласале 62 пратеници, 1 пратеник гласал против, воздржано гласале 3 пратеници.

Констатирам дека е усвоен на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Гласале 66 пратеници.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 6, за додавање нова точка 9 по точката 8. За додавање нов член 7 по членот 6 и за пренумерација на членот 7 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, од кои 61 гласале за, против ниеден, воздржани 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот.

Минуваме на точка 10.

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени и ги имате пред вас.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесувње на Закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 62 пратеници, 1 е против и 3 се воздржани.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлог на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 64 се изјасниле позитивно, 1 против, воздржани 2.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 2 во Тарифниот број 28, став 2, на член 2, во новиот тарифен број 33-а, за бришење на точката 5, и на член 2, во новиот тарифен број 33-а, точка 7.

Минуваме на првиот амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во тафивниот број 28, став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Го прифаќаме амандманот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.Амандманот го ставам на гласање, односно нема потреба, штом е прифатен.

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот.

Отворам претрес по вториот амандман, а тоа е амандманот на член 2 во новиот тарифен број 33-а, за бришење на точката 5, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата, го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Не го прифаќам амднамднот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-динот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Комисијата повторно заседаваше и пред да се изјасни претставникот на Владата, ние амандманот го повлекуваме. Мислам на вториот амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме на амандман 3.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во новиот тарифен број 33-а, точка 7, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата и го молам да се произнесе сега.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Се имаме согласено и го прифаќаме амандманот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Значи, тој станува составен дел на текстот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Гласале 72 пратеници, за гласале 63 пратеници и 1 пратеник гласал против, а 8 пратеници се воздржале од гласале.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за административните такси.

Минуваме на точка 11 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени и ги имате пред вас.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите.

Молам, да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 62 пратеници гласале за, против 1, воздржани 5.

Констатирам дека заклучокот е усвоен,.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, за гласале 61, против 2, воздржани 7.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на РМ поднесе амандмани за додавање нов член 1-а, по членот 1, за додавање 2 нови члена 8-а, и 8-б, по членот 8 и за менување на членот 11, со што тие ќе бидат составен дел на текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на член 1, за менјување на став 1, за додавање нов став 5, по ставот 4 и на став 6, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 73 пратеници, за 63 пратеници, против 3 пратеници, и воздржани 7 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите.

Минуваме на точка 12.

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за земјоделство, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за земјоделство.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласале 75 пратеници, за 57, против 17, воздржани 1.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува и Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, за 60, против 11, воздржан 1.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Законот.

ЗПК поднесе амандман на член 1, за менување на став 2 и на став 3, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратениците Владо Паунков и Кире Гештаковски поднесоа амандман на член 1, став 3, во новиот став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 3 во новиот став 2, поднесен од пратениците, Владо Паунков и Кире Гештаковкси.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Господинот Владо Паунков.

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Амандманот го повлекуваме од причини што имавме напорни консултации со министерот и некои нејаснотии во поглед на донациите и се разјаснија. Од тие причини се повлекува.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот и законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, за 55 пратеници, против 19, воздржан 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за Фондот за земјоделство.

Минуваме на точка 13.

Предлог на завршна сметка на Буџетот на РМ за 2001 година.

Предлогот на завршната сметка на Буџетот на РМ за 2001 година и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор,? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворма претрес по текстот по текстот на Предлогот на завршната сметака на Буџетот на Република Македонија за 2001 година.

Ве молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2001 година го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 70 пратеници, за 64, против 4, воздржани 2.

Констатирам дека Собранието ја донесе Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2001 година.

**Преминуваме на 14-та точка** - Предлог за донесвуање на закон за изменување на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поеделни.

Отворам претрес по Предлогот за донесвуање на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесвуање на закон за изменвуање на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 71 пратеник, од кои 67 за,  1 против и 2 воздржани.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го сувојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 67, од кои 65 за и 2 воздржани.

Констатирам дека е усвоен предлгоот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворампретрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот, за додавање 8 нови член по членот 1 и на членот 10, со што тие стануваат составен дел на текстот на Предлгото на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на галсање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 66 пратеници, од кои 63 за, и воздржано 3.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменвуање и дополнување на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи.

**Преминуваме на 15-та точка од дневниот ред** - Предлго за донесување на закон за дополнување на Законот за концесии, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поеделни.

Отворам претрес по Предлогот за донесвуање на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесвуање на закон за дополнување на Законот за концесии.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 65 пратеници, од кои 61 за, 1 против и 3 воздржани.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 62 пратеници, од кои 60 за 1 против и 1 воздржано.

Констатирам дека е усвоен предлгоот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИК:

Станува збор за две одредби кои навистина недостасуваа во овој закон и мислам дека со Законот за концесии до сега беше уреден само начинот , постапката и општит услови за издавање на концесии.

Со овој закон се вградува една многу битна одредба, а тоа е надзорот на наплатата за надоместоците. Мислам дека ваквата одредба е вред, на нашата Комисија и на другите работни тела помина и мислам дека навистина има потреба од донесување на овој закон. Истиот е сосема во ред и го подржувам во целина.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Навистина сум особено задоволна, бидјеки денес на дневен ред имаме Предлог за изменување на законот за концесии, бидејки и на првата седница посветена на поставување пратенички прашања токму од моја страна беше сугерирано дека слабо се наплатуваат концесиит еи дека треба да се донесе еден таков закон.

Либерално демократската партија и јас лично го подржуваме Предлогот да се донесе ваков закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на галсање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 68 пратеници, од кои 63 за, 3 против и 2 воздржано.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за концесии.

**Преминуваме на 16-та точка од дневниот ред** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Јавни набавки , со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесвување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Би сакал да кажам само неколку зборови во однос на Предлогот за донесување на законот за изменвуање и дополнување на Законот за јавни набавки.

Сведоци сме дека во изминатиот период од 90-те години па наваму јавните набавки се едно од најгорливите и најболни прашања за сите Влади во Република Македонија и за сите институции во Република Македонија . Имено, и најголемиот број на афери, злоупотреби и можности за корупции, кои произлегле во Македонија во изминатиот период, се токму врзани за јавните набавки.

Морам да кажам дека постојниот закон за јавни набавки има многу недостатоци и недоречености и дава широки можности за изигрување на Законот. Сметам дека овие предложени измени, што се предлагаат на денешнава седница, претставуваат значаен чекор напред за зголемвуање на контролата и дисциплината при трошењето би рекол , пред се, на државните пари, но сепак сметам дека е зрела ситуацијата за донесување на еден нов закон за јавни набавки, бидејки тогаш би се отстраниле голем број недоречености, непрецизности, комплицирана процедура при јавните набавки и ред други недостатоци.

Сметам дека во најбрзо време, ако не се предложи нов закон за јавни набавки, треба да се предложи измена на членот кој предвидува отворање на понудите без

присуство на понудувачите, кога се работи за јавни набавки во износ, ми се чини, од 2,5 илјади евра до 50 илјади евра. Мислам дека износот е толку, но на тој дел има големи изигрувања, кога нема присуство на понудувачите при отворањето на понудите.

Затоа , ги подржувам овие измени, но сепак како заклучок да биде да се отпочне со процедура и постапка за предлагање на целосен нов закон за јавни набавки во Република Македонија .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор пратеникот Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Делумно се согласувам со ова што го кажа колегата најдовски, односно гледано ретроспективно, во Република Македонија има често менување на оваа материја. Пред се, знаеме дека не псотоеше никакво регулирање, за да потоа биде донесена Уредба која ја уредуваше материјата на јавните набавки, а потоа бидејки Уставниот суд ја поништи таа уредба, односно Уставниот суд укажа на тоа во својата Одлука за укинување на Уредбата за јавни набавки дека тоа е материја која треба да се уреди со закон, а не со подзаконски акт на Владата. Се донесе Закон за јавни набавки, кој неколку пати се менуваше, што значи тој се надоградуваше , односно нормативата не беШе усогласена со самата реалност, со самата практика и со тек на време веќе имаме 5-6 измени на овој Закон.

Затоа, по мое мислење, е неопходно Владата целосно да ги согледа сите овие позитивни и негативни искуства од Законот за јавни набавки, за да види кои се позитивните ефекти од Законот, а кои се негативните.

Во оваа смисла, како што кажа пратеникот Најдовски се согласувам дека најголемите афери, па дури и сомнежи се во оваа сфера, во сферата на јавните набавки. Меѓутоа, илузија би била ако ние очекуваме дека самиот закон без низа други мерки ќе ги спречи сите овие злоупотреби, бидејки токму во време по донесвуањето на Законот се случија и најголемите афери. Значи, ако очекуваме дека законот со волшебно стапче може да ги отстрани сите овие аномалии би било илузија. Борбата против негативните појави треба да има низа комплексни мерки.

Затоа, согласувајки се дека е потребен нов закон, во оваа прилика би сакал да укажам дека во законот за јавни набавки се врши бодирање во зависност од цената,

квалитетот и т.н. Меѓутоа, никаде не е споменато, барем под еднакви
услови да имаат приоритет домашнит епроизводи, што значи под услови на еднаков квалитет, еднаква цена, рокови на испорака и други работи, да биде обврзан оној што набавува да имаат приоритет домашните производи. Тоа не значи никаков протекционизам, туку напротив, до сега искуствата со јавните набавки, било да е во сферата на лековите, било да е во сферата на мебелот - на пример, кај мебелот, според оние податоци со кои располагам , во последниве 5 години само 5% од набавките на мебелот во јавниот сектор, зборувам севкупно и во судовите и во сите органи е од домашно потекло. Од друга страна, имаме фабрики кои некако се борат , извезуваат на странскиот пазар, меѓутоа, домашните тендери не можат да ги добијат. Тоа се однесува и за лековите и за сите други работи. Значи, едно поголемо внимание на домашното производство, бидејки сметам дека во изминатиот период оние производи кои се произведуваат во Република Македонија беа неоправдано запоставени, ниту пак е предвидена било каква обврска во Законот, потенцирам под еднакви услови, да имаат приоритет домашните производи, се разбира , доколку ги исполнуваат сите други услови.

Затоа, предлагам во овој нов закон, очигледна е потребата од донесување на закон кој комплексно ќе ја уреди оваа материја, ќе ги согледа сите искуства и уште еднаш да ги провериме компаративните исксутва на земјите во транзиција, кои во оваа сфера и во овој дел од законодавството постигнале поголем напредок и поголемо приближување кон законодавството на Европска Унија.

Значи , го подржувам законот, но со напомена дека Владата да размисли за донесување на еден нов закон, бидејки овој закон веќе е менуван 7-8 пати.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор министерот за финансии.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Да ги информирам пратениците дека ова се интервенции во Законот за јавни набавки, кои имаат за цел да ја зголемат финансиската дисциплина меѓу буџетскит екорисници при трошењето на буџетските средства. Тоа е основната намера на овие измени. Како што можеше да се прочита во измените, не може да се склучуваат договори и да се прифаќаат обврски зад кои не стојат конкретни и јасни средства планирани во Буџетот на Република Македонија . Значи, да се намалат можностите

за пречекорување на буџетските лимити, што е ситуација која во досегашниот период ја констатираме многу често и заради што се зголемуваат буџетскит едефицити и проблемите во финансирањето најавните потреби, ликвидноста и т.н. Значи овие интервенции се насочени, пред се, кон тоа.

Во врска со иницијативата на пратениците Најдовски и Шапуриќ за подготовка на нов закон за јавни набавки, можам да ви кажам дека во Министерството за финансии веќе се работи на комплетно нов закон за јавни набавки, така што нивната иницијатива е сосема во согласност со размислувањата на Министерството за финансии.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на господинот Гошев.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесвување на закон за изменвување и дополнување на Законот за јавни набавки.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 66 пратеник, од кои 58 за, 8 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го сувојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 67, од кои 58 за, 8 против и 1 воздржано.

Констатирам дека е усвоен предлгоот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правна комисија поднесе амандмани на член 3 по воведната реченица за бришење на зборовите “член 58” и на став 1 и 2; понатаму на член 4 на новиот член 58-а став 3 и на член 4 во новиот член 58-б за менвување на став 1 и на став 5, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Ефтим Манев иВанчо Стаменов поднесоа амандмани на член 3 за менување на член 58 и на член 4 во новиот член 58-б за додавање нов став 4 по ставот 3, по кој Владата не се произнела.

Одиме на првиот амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менвуање на член 58, поднесен од пратениците Ефтим Манев и Ванчо Стаменов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Поднесениот амандман на членот 58 односно на членот 3 од Предлогот на измените е направен повеќе од правна природа, рационалност на правото, бидејки поставениот предлог во предлог измените е многу конфузен и бидејки во самиот Закон стои дека измените се направени заради една поголема финансиска контрола од страна на Министерството за финансии. Сметам дека таквата контрола на Министерството со амандманот воопшто не се ускратува, туку се подобрува текстот и да може јавните набавки да се вршат многу полесно, без да се доаѓа во конфузија и истите да пропаѓаат. Како што е поставено во прелдогот, најнапред се распишува тендер, се јавуваат одредени заинтересирани лица, а потоа корисникот на јавните набавки треба да поднесе барање до Министерството за да му биде одобрено дека такви средства постојат во Буџетот или да му биде дадена согласност да изврши избор. Сето тоа прави една таква конфузија, што по една завршена работа треба да ги одбие сите тие луѓе кои имале интерес, односно правни субјекти се јавиле на таквиот тендер, но ако Министерството не прифати дека има такви средства во Буџетот и не му даде потврда и согласност, пропаѓа.

Сето тоа со овој амандман кој што го поднесуваме ние го решаваме на еден друг начин што претходно пред да се распише јавната набавка, корисникот на истата е должен да поднесе такво барање, доколку има средства во буџетот да му се издаде таква потврда и дури потоа дополнително да го распише и да се јават

заинтересираните лица. Што сметам дека нема да доаѓа до една состојба на распишани објави за јавен тендер да истите пропаѓаат. Во овој случај мислам дека многу тендери ќе пропаѓаат. Овој член е правно нерационален. Инаку со ништо не се ускратуваат тие права кои што ги бара Министерството. И од тие причини сметам дека самото Министерство би требало да ги прифати без да се гласа. Така е поставен самиот амандман што сите тие негови замисли на Министерството се решени на еден друг начин што со ништо не се ускратува нивното право да вршат целосна контрола над јавните набавки, само ќе се избегнат непријатните состојби кои што можат да настанат како што е сега поставено. Мислам дека не е така во самиот закон да корисниците на јавни набавки најнапред треба да објават да се види кои се заинтересирани, па тоа да се даде до Министерството за финансии и да одлучат дали има средства или нема. Сметам дека се оди во една обратна насока и барем за мене правната регулатива и законите не трпат такво нешто во една обратна пропорција да се движи нешто кое што треба да оди поинаку. Би ги замолил пратениците по однос на подобрување на правниот систем без разлика што е предложен овој амандман од опозицијата, се подобрува правниот систем, не се нарушува баш ништо, она што го бара Министерството за финансии по однос на контрола и амандманот треба да се прифати.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г. Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Сакам да кажам дека има една техничка грешка. Во амандманот треба да стои Ванчо Стаменков, а не Стаменов. Значи, тоа да се исправи.

Инаку за оваа измена на овој амандман фактички јас го предлагав и на Комисијата за финансирање и буџет. Таму беше присутен министерот за финансии и како единствена причина зошто не би се прифатило ова, беше наведено дека заради тоа што ќе се дознае сумата за која што ќе се врши јавна набавка. Инаку предностите што се поднесени со овој амандман се многу големи и многу позитивни. Така што произлегува дека таа причина која што беше наведена наведува на заклучокот дека оваа Влада не им верува на своите луѓе кои што ги има поставено во министерствата, односно во корисниците на буџетските средства, оние раководители кои што ќе ги распишуваат самите набавки. Тоа не би требало да биде така бидејќи се знае дека се работи екипно и државата може да функционира како

еден механизам, не смее да има недоверба меѓу раководителите во државната администрација.

Друга причина која што е многу важна и која што мора да ја наведам е и рокот помеѓу, значи добивањето на потврдата дека има обезбедено средства во буџетот и потпишувањето на договорот кој што е објаснет во член 58-б е многу краток. Едноставно тоа се споени работи и не функционални. Фактички со самиот избор на најповолен понудувач веќе е одредено со кој ќе се потпише договорот за јавна набавка. Така што во тој момент да се издаде потврда за обезбедени средства веднаш веќе следува и потпишувањето на договор објаснет во член 58-б кој што би требало веднаш да се склучи. Мислам дека нема логика меѓу овие две работи и мора да постои еден временски простор. Значи, затоа ние предлагаме потврдата односно согласноста Министерството за финансии да ја дава на почетокот пред да се објави јавната набавка. Со ова ќе им заштедиме време на правните лица, ќе заштедиме пари и ќе заштедиме сигурно во нервози и губење на драгоцено време во својот бизнис, бидејќи за да се подготви една јавна набавка, односно документација за да се конкурира на една јавна набавка треба доста време и доста пари. Зошто да не им излеземе во пресрет и да не ги мачиме да работат на јавната набавка кога таа може да падне само со одлука на министерот за финансии, дека нема средства во буџетот. Тоа е вистината, тоа е логиката. Може да не се прифати амандманот. Знам дека ќе направиме грешка со која што негативно ќе влијаеме на јавните набавки, на стопанството, на економијата во државата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се сомневам дека амандманот е поднесен со најдлабоки добри намери, затоа што овој впечаток кој што го остава соодветниот член во Законот постоеше и постои и кај други луѓе дека редоследот на работите треба да биде поинаков, или да биде така како што предлагаат пратениците Ефтим Манев и Ванчо Стаменков. Ние дискутиравме и на Влада за овој член, дискутиравме и на Комисијата за финансирање и буџет. Меѓутоа, сепак остануваме на ваквото решение заради тоа што овој член е наменет прво за распишувачот на тендерот да води сметка за буџетскиот корисник. Централната поента е таа.

Прво, тој мора да води сметка дали има средства, или нема средства и негови се одговорностите дали ќе распишува тендер ако нема средства и согласност, потврда од Министерството за финансии.

Второ, ако однапред се бара и се дава таква потврда се загрозува на некој начин затвореноста, тајноста на тендерот. Претходно се обелоденуваат работите, службениците ќе даваат информации претходно за висината на средствата итн. и тука има лоши реперкусии во врска со тоа прашање. Инаку, во крајна линија дали ќе направи некој од учесниците на тендерот трошоци? Ќе направи. Трошоци ќе направат сите учесници на тендерот, ќе се јават не еден учесник, ќе се јават 10, 15, 20, добива само еден. Значи не се одбегнуваат трошоците на сите други учесници на тендерот. Според тоа, поентата е сепак поинаква, да се заштити дискретниот карактер на средствата на тендерот, бидејќи тоа се затворени конкуренции. А со обратното би направиле поинакви грешки и поинаква повреда. Размислувано е повеќе за оваа работа бидејќи е покренувано и од други во оваа смисла во која што пратениците сакаат да се изгласа амандман, сметајќи дека така е порационално. Бидете сигурен дека размислувавме, за ова дискутиравме и сепак преовлада дека на овој начин треба да биде ова регулирано.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Никој.

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, 28 пратеници гласале за, 33 пратеници гласале против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Преминуваме на вториот амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 4 во новиот член 58-б за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратениците Ефтим Манев и Ванчо Стаменков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Предложениот амандман на членот 4, член 58-б од постојниот закон е предложен од причини што предложената формулација во Предлог законот вели: доколку договорот не биде заверен со потпис и печат од овластено лице од Министерството за финансии се смета за ништавен. Никаде не стои во текстот во членот 58 кој е тој временски рок што поднесениот договор од корисникот на јавната набавка, таквиот договор во кој рок ќе го потпише Министерството за финансии и ќе го завери со печат од овластено лице од министерот.

Со предложениот амандман ништо не се менува освен што се утврдува рок во кој период тоа да го стори Министерството за финансии што сепак Министерството кое ја контролира јавната набавка, кое бара во целост да има своја контрола и што е потребно, но сепак треба да има и некој рок. Кој е тој рок во кој тоа министерство ќе го завери тој договор, бидејќи без да биде заверен, тој нема никаква правна сила, односно кажува дека е ништавен. Може ли да се случи еден таков договор да не биде заверен и 5,6 месеци. Тој амандман е поднесен само од тие причини со кое се дава еден рок во кој рок треба да биде потпишано од страна на Министерството.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Мислам дека идејата на колегата Ефтим Манев е навистина добра, квалитетна, размислувавме. Меѓутоа, јас би сакал да потсетам дека Владата веќе се согласи на амандманот ИИИ од Законодавно-правната комисија, а тоа е токму тој рок за кој е поднесен овој амандман. Имено, би сакал и да го прочитам, бидејќи не ги прочитавме тие амандмани, односно тие известија на кои се однесуваше предложениот амандман на колегата Манев. Така што во членот 4 во новиот член

58-б ставот 1 се менува и гласи:
“во рок од 7 дена од денот на истекот на рокот за поднесување на жалба, односно од денот на конечноста на одлуката по жалбата се потпишува договор”. Така што веќе го изгласавме рокот колега Манев. Мислам дека ме разбирате. Зборуваме правно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор.

Има збор господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Во тој случај бидејќи таа правна регулатива е решена, јас го повлекувам амандманот, бидејќи е безпредметен, нема причини да се гласа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 52 пратеници, 10 гласале против и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки.

**Преминуваме на точката 17 -** Предлог за донесување на закон за сметководството на непрофитните организации, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за сметководството на непрофитните организации.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 60 пратеници, 1 пратеник гласал против и 2 воздржани.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

За гласале 54 пратеници, против 2, воздржано 2.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлгот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот  на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Во салата се присутни вкупно 65 пратеници.

Вкупно гласале 61 пратеник, 58 гласале за, против 2 и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за сметководството на непрофитните организации.

Минуваме на точката 18 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на становите во општествена сопственост, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Ве молам кој бара збор?

За збор се јави госпоѓа Лилјана Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Со овие измени на Законот за продажба на општествени станови, се вршат исправки на постојниот закон со кој се овозможува исплата на обврзници, исплата на становите во општествена сопственост со обврзници, кои што до сега со постојниот закон не беше овозможено, обврзници издадени за депонирани девизни влогови на граѓаните и за денационализација. До сега не се водеше сметка за наплатата на ануитетите од продажбата на општествените станови, едноставно само се плааќаа на сметка на деловна банка. Сега се овие измени деловните банки се задолжуваат да водат грижа за наплатата на обврските од купувачите на општествените станови.

Во другиот дел на измените се возможуваат исправки при трансформацијата на претпријатијата во општествена сопственост се створи еден правен вакум, со кој што на сопствениците, носители на станарско право, на ставовите сопственост на претпријатието во општествена сопственост не им беше овозможено да склучат договори за купување на станови. Со оваа исправка на овие носители на станарско право им се воозможува да можат да ги купат становите. Со тоа приходите во буџетот по основ на откуп на општествените станови се во приходната страна, со тоа буџетот ќе се зголеми наплатата на тој дел на становите.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Балгодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието на Република Македонија му предлага да го усвои следниот заклучок:

Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на станвоите во општествена сопственост.

Ве молам да гласаме

Во салата се присутни 65 пратеници, гласале за 56 пратеници, против 4, 3 воздржани.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, инаку во салата се 65 присутни, за гласале 55 пратеници, против 2, 3 воздржани.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Ве молам, дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 58 пратеници, против 2, 3 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот на продажба на становите во општествена сопственост.

На ред е сега 19-тата точка - Предлог за донесување на закон за поттикнување на вработувањето со предлог на закон.

Бидејќи претставникот од Министерството за труд и социјална политика сеуште не е пристигнат, имам известување дека секој момент треба да пристигне, би ве замолила, ако може да поминеме на следната точка која што не е во доменот на тоа Министерството, а после кога ќе стигне министерот ќе преминеме на оваа точка.

Можеме сега и да дадеме пауза па после паузата да ја разгледаме оваа точка.

Предлагам пауза од еден час.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,55 часот)

(Со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието на Република Македонија господинот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Замолен сум од Владата на Република Македонија, пред да преминеме на точка 19 да ја разгледаме точката 23 кој закон е во втора фаза, бидејќи првата фаза на законот помина во Собранието на Република Македонија, а господинот Филиповски има неодложна работа, па после ќе се вратиме на точка 19.

Претпоставувам дека се согласуваме со овој предлог, бидејќи нема суштинско значење за работат на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на 23-та точка од дневниот ред - Предлог на закон за државна помош.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот, со оглед што тоа е втората фаза, првата фаза е помината како што реков.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на членовите 4 и 5, член 6 став 1, 4 и 5, член 7 став 2, член 9 став 7 и 8 и на насловот пред членот 10.

Отворам претрес по амандманот на членовите 4 и 5, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандмам се согласил повереникот на Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе по амандманот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, 4 и 5, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандмам се согласил повереникот на Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе по амандманот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на членот 7 став 2, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандмам се согласил повереникот на Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе по амандманот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на членот 9 став 7 и 8, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандмам се согласил повереникот на Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе по амандманот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот пред членот 10, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандмам се согласил повереникот на Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе по амандманот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, амандманот станува составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор по текстот на законот? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата пред да преминеме на гласање.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Предлагам, бидејќи прересот го завршивме да се вратиме на точка 19, а да гласаме кога ќе имаме кворум.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот е прифатлив и господинот Филиповски за чинот на гласање нема потреба да присуствува, со оглед на тоа што Собранието на Република Македонија го затвори претресот.

Можеме да продолжиме со гласање бидејќи во салата влегоа уште 4 пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 59 пратеници.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Значи, гласале 59 пратеници, 57 за, 1 против и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го донесе законот за државна помош.

Продолжуваме по точката 19 - Предлог за донесување на закон за поттикнување на вработувањето, со предлог на закон.

Предлогот на донесување на законот, со предлогот на законот и извештајот на Законодавно правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор прв се јави, претпоставувам за воведно излагање, господинот Манасиевски, министер за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Денес на дневен ред имаме едеј исклучително значен закон, кој и пред денешнава седница отвори дебата. Имено, колку што можев да следам, во еден сериозен дел од дебатата околу буџетот и макроекономската политика се допираше и овој закон во повеќе кнтексти, навистина на еден пворшен начин, меѓутоа тоа е уште еден мотив сега сите заедно во расправата посериозно и попродлабочено да ги анализираме и причините за донесување на овој закон и самата содржина на законот и претпоставените ефекти од овој закон.

Пред се би сакал да кажам збор - два околу причините, иако тука нема да говорам многу, затоа што сметам дека тие се евидентни и дека тука, во однос на самите причини, постои консензус помеѓу пратениците. Имено, последните бројки што ги имаме од Заводот за вработување говорат дека лошиот тренд на пораст на невработеноста и натаму владее, дека податоците за јануари се дека во евиденцијата на Заводот за вработување има 378.000 невработени лица. Истовремено, покрај оваа драматична бројка, она што е многу побитно е исклучително лошата структура на невработените, каде што 53% од нив се невработени, без никакви или со исклучително ниски квалификации, што значи дека тие луѓе многу тешко може да се пробијат на пазарот на трудот и да добијат работно место. Да не го убпотребиме зборот невозможно, меѓутоа, за овие 53% од оваа бројка исклучително, исклучително тешко без воведување на дополнителни мерки, како што во еден дел предвидува и овој закон.

Особено посебна социјална боја на овој раст, на овој дрматичен тренд што го имаме последниве години, му даваат и огромниот број на работници кои останале без работа како резултат на стечај на фирмата, или како резултат на прогласување на технолошки вишок. Токму затоа оваа категорија на невработени е посебно таргетирана во овој закон.

Исто така, она што е посебно драматичен податок што во структурата на овие невработени лица влегуваат и најголем дел од корисниците на социјална помош . Имено, од декемвриската евиденција за примателии на социјална помош, од 82.000 семејства, всушност 91% од овие семејства примаат социјална помош по основ на тоа што немаат ниту еден вработен член во своите семејства.

Исто така овој закон посебно ја таргетира и оваа група во функција на нејзино апсорбирање на пазарот на трудот, затоа што како што кажав, ако не поседуваме такви посебни мерки, можноста тие сами да најдат работа е минимална.

Инаку, кога се говори за причините за овој закон и особено на тоа прашање ќе се вратиме кога ќе говориме за средствата потребни за овој закон, мора да се има предвид и тоа дека еден огромен дел, или преку 46 илјади, што значи 12% од евидентираните во Заводот за вработување примаат паричен надоместок во просечна висина од 3.600 денари. Освен тоа, примаат и придонес, за нив се плаќа и придонес во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и се плаќа, исто така и здравствена заштита. Што значи, во тотал овие луѓе го чинат буџетот 6.500 денари. Значи, овие 46.000 или 12% од евидентираните во Заводот за вработување го чинат буџетот 6.500 денари месечно. Средствата од кои се алиментира ова, се обезбедуваат од придонесот за вработување, во еден мал дел 20% и 80% како директен трансфер од буџетот на државата. Тоа се основните причини кои ја натераа оваа Влада а и секоја друга одговорна влада на посебен начин, со посебен закон да го третира овој проблем, проблемот на поттикнување на вработувањето.

Сега нешто околу основите на овој закон.

Основите на овој закон прецизно се дадени и во макроекономската политика која ја разгледавте и особено во еден нејзин дел во делот на мерки за зголемување на вработувањето и флексибилноста на пазарот на трудот, каде што како една од мерките е поместен и овој закон, се разбира не како изолирана мерка, туку синергија со повеќе други мерки, внатре во контекстот на овие политики, како и во контекстот на вкупната макроекономска политика.

Збор два за контекстот. Овој закон не треба и не смее да се гледа како една изолирана мерка, затоа што како таков тој нема некоја посебна смисла. Мора да се гледа во контекст на вкупните мерки од програмата за зголемување на вработеноста и зголемување на флексибилноста на пазарот на работна сила, да се гледа во контекст со прорамата на Владата за поттикнување на претприемништвото, за развојот на малите и средни претпријатија, за воведување на новиот модел на гарантни шеми, со воведувањето во наредните два месеци од почнувањето на функционирање на новата банка за микрофинансирање и со низа други мерки на Владата на Република Македонија кои во комбинација со овој закон ќе дадат очекувани ефекти, т.е. тргнување од една многу неповолна ситуација која ја имаме во моментот. Значи, мерката не е изолирана, има смисла само во поширокиот контекст на таканаречени потврди економски мерки и во најширок контекст, она што и министерот за финансии говореше, околу програмата за развој на инвестиции, за

зголемување на штедењето и зголемување на извозот. Значи, само во комбинација со овие мерки можеме да очекуваме полн ефект и од овој закон.

Втора битна работа.

Овој закон веќе има едно популарно име, таканаречен бранков закон, па сега што ова денес се нуди се нарекува или бранков закон два, или бранков закон продолжение. Меѓутоа, многу е битно кога дискураме за законот, знаеме дека тоа не е ниту бранков изум, ниту македонски изум.

Ова е стандардна мерка која што се применува во огромен број на држави. Особено во транзиционите држави, особено во транзиционите држави, меѓутоа и мерка која што е применувана, а и сеуште се применува во веќе развиени држави од Европската Унија.

Говорам за суштината на коцептот, субвенционирање на работодавачите да апсорбираат одреденитрагетирани групи на долгорочно невработени, затоа што, проценка е, факт е дека тие не можат сами да се пробијат на пазарот на трудот. Значи не е никаков посебен изум туку е стандардна мерка применувана во многу држави. Се разбира во дискусијата ако чуствувате потреба може посебно да изгутираме некои примери во соседството во таканаречениот регион на Западен Балкан или во Источна Европа каде што со факти можам да ви аргументирам дека на пример и Хрватска и Бугарија имаат уште поекстремни форми на вакви мерки. Така што од тој аспект може да се каже дека овој Предлог-закон што го имаме денес е претставник на така да кажам умерениот модел во рамките на тој генерален концепт.

Она што исто така е многу битно и што постојано го декларираме како политички партии и како Влада, е тоа дека овој закон во потполснот кореспондира и со политиката на Европската Унија во однос на ова прашање на зголемување и поттикнување на вработеноста.

Имено, вие сте сведоци дека повеќе од една деценија се водат сериозни дебати внатре во Европската Унија, се одржани повеќе самити на највисоко, на лидерско ниво на претседателите на владите на државите на Европската Унија, кои што всушност, биле во функција на изнаоѓање на една генерална политика на Европската Унија за поттикнување на вработувањето.

Како резултат на тие повеќе од еднодеценски расправи, ЕУ пред извесен период дојде до еден модел, таканаречен четиристолбен модел за зголемување на вработувањето. Самото име говори дека овој модел се заснива на четири столба и во рамките на тие четири столба, 19 директиви на Европската Унија.

Што е смислата и на столбовите и на директивите? Да даваат една насока на националните влади и националните законодавства врз основа на најдобрите практики од Европската Унија формулираат конкретни акциони програми за вработување врз основа на овие четири столба и 19 директиви. Да бидат попрецижни всушност, овој закон што денес го нудиме е во потполност усогласен со две директиви од првиот столб. Првиот столб, столб за зголемување на вработеноста на населението. И двете директиви, кои што најдиректно го допираат овој закон, се директивата за спречување на долгорочна невработеност, каде што со посебни мерки се таргетираат посебни групи дефинирани на долгорочно невработување. Значи она што го говоревме, кои што неможат да се пробијат на пазарот на работна сила.

И уште една директива, директивата на замена на пасивни мерки со развој на активни мерки. Всушност, ова е централнто прашање и ова е централната филозовија и на овој закон, меѓутоа, и на промените на наредните два закона, кои што исто така произлегуваат од ова Министрство.

Имено, што говорат фактите од минатогодишниот буџеет од 2002 година. Република Македонија од Буџетот потрошила 5,5 милијарди денари, за пасивни мерки, а само 200 милиони денари на активни мерки. Значи еден катастрофален сооднос. Со ваков сооднос помеѓу пасивните и активните мерки, ние нема да имаме никаков напредок во областа на поттикнување и зголемување на вработувањето. Некаков тој е математички аксиом. Ако имате таков лош однос меѓу пасивните и активните мерки, вие не можете да тргнете напред.

Оттаму, и со овој закон, и со другите закони мора да се направи еден сериозен пресврт. Средствата кои што постојат од буџетот, кои што како што гледаме кои се во висина од 5,7 милијарди денари за минатата година, а за оваа година ќе бидсат 6 милијарди, мора внатре во нив да се направи поинаква прераспределба. Меѓутоа, таа прераспределба не може да биде административна. Ние тука како пратеници, како Влада, можеме да одлучиме, едноставно ќе го зголемиме буџетскиот износ од 200 милиони на милијарда со активните мерки. Меѓутоа, мора да имаме реални оперативни политики, да ги потрошиме тие милијарда денари.

Оттаму, вистинскиот принцип е креирање на вакви или слични мерки за да апсорбираат што поголем дел од овие вкупни средства во таканаречени активни мерки.

Инаку, пасивните мерки се таканаречени мрзливи мерки. Најлесни се за администрирање, делите масовно социјална помош, делите масовно парични надоместоци, контролата е или добра или лоша, или никаква, меѓутоа, нема мотивизам кај креаторите на политиката и кај извршителите. Едноставно се даваат парите.

Бидејќи и вака и онака ги даваме тие средства во висина од 6 милијарди денари преку Буџетот, дајте да ги потрошиме паметно. Дајте наместо ллуѓето да ги примаат тие средства, ако приматели на социјална помош, или приматели на паричен надоместок, да ги примаат низ друга форма. Да добијат работно место, а дел од тие средства да одат како субвенција на работодавачот, затоа што ги апсорбирал на пзарот на работна сила и ги извлекол од една пасивна положба, па ако сакате и психолошки да зборувате и од една депресивна положба за безперспективност.

Тоа е централното прашање, тоа е централната филозофија што стои позади овој закон. Како да го направиме тој пресврт. Се разбира со овој закон изолирано тој пресврт неможе да се направи. Меѓутоа, и овој закон како и други мерки се во таа насока. Многу поголем дел од парите што и така ги издојуваме да ги користиме на креативен начин, што ќе создава работни места.

Збор, два ќе кажам околу самата содржина на законот. Законот знаете дека предвидува надоместување на средствата на работодавецот, рефундирање, значи не е ослободен, туку му се рефундираат, што е битна разлика во споредба со сличен закон кој што го донесе Парламентот пред пет години значи се надоместуваат, односно се рефундираат средствата за платениот придонес за ПИО, за здравствено, за здравствена заштита и за придонесот во осигурување во случај на невработеност, за период од 24 месеци, со таа обврска што работодавецот ја има, лицето кој што примил рефундирани надоместоци, да го држи најмалку уште 24 месеци.

Покрај овие општи бенифиции имаме и таргетирани, специфични бенифиции, насочени посебно кон две ризични групи, за кој што кажав неколку збора во воведот.

Имено, во членовите на овој закон 4 и 5 посебно ги таргетираме овие групи. И тоа групата на како што реков корисници на паричен надоместок. Се работи за огромна група. Според последните податоци повеќе од 46 илјади,или 12% од вкупниот број на евидентирани луѓе во Заводот за вработување. Значи овие луѓе добиваат паричен надоместок кој што ви кажав, кој што е во просечен износ од 6.500 денари.

Притоа, многу битно е да се знае дека просечната должина на примање а краткорочниот надоместок е 11,3 месеци, а на долгорочниот тој знаете се прима дури не настанат услови за пензионирање.

Ако ја погледнете внатре и самата структура на примателите на парче надоместок, ќе видите дека 63% од овие приматели се приматели на таканаречен долгорочен паричен надоместок, кој што не не чинат 6.500, туку речиси, 8.000 денари и кои што периодот не е лимитиран а 11 месеци, туку на 8,3 години. Тие луѓе значи 8,3 години ќе примаат паричен надоместок.

Зошто е таргетирана оваа група. Оваа група е таргетирана посебно, затоа што се работи за возрасни луѓе, тоа се знаете луѓе жртви на таканаречен технолошки вишок и луѓе жртви на стечај што настануваат по разни основи. Тие како повозрасни, тешко им е да се пробијат на пазарот на трудот. Значи тоа е едната аргументација, а другата чисто тврда економска аргументација е дека тие буџетот го чинат просечно како што реков 6,500 денари. Со оваа мерка за поттикнвуање на вработувањето, тие буџетот ќе го чинат 4.200 денари и плус ќе бидат вработени. Токму на оваа група на корисници на паричен надоместок се гледа идеалниот економски резон на овој закон, токму кај оваа група. Кај другите не толку, меѓутоа, кај оваа група имаме така да речам и тврда економска сметка што повеќе луѓе од овој режим на приматели на паричен надоместок, префрлиме во редовен работен однос. Затоа што почитувани пратеници не само што не даваме пари, туку штедиме пари. Тие не чинат 6.500. Ако бидат апсорбирани со овој закон ќе го чинат буџетот 4.200 денари.

Значи ем отвараме работно место, ем првиме заштеди. Која мерка може да биде подобра од оваа. Значи оправданоста на овој закон, посебно кај оваа група на луѓе е така да кажам идеална.

Кај втората група на посебно таргетирани корисници, тоа се примателите на социјална помош. Ви реков, ги има според декемвриската евиденција 82 илјади. Од нив 91%, или околу 72.000, примаат по основ на невработеност социјална помош. Меѓутоа, вкупниот број на невработени лица во овие 72.000 семејства е поголем од 72.000. Тоа е нешто помал од сто илјади, затоа што огромен број од овие семејства кои што примаат социјална помош, немате само едно невработено лице туку две, а во некои случаи и повеќе лица.

Значи, со оваа мерка ние таргетираме некаде околу сто илјади луѓе.

Кој е резонот? Прво како што реков се работи за луѓе во состојба на исклучителен социјален ризик, кои што се ставени во една непријатна и пасивна положба, приматели на социјална помош од државата. Тој број како сите овде што

знаеме се зголемува од година во година и за жал, не се применети
досега мерки тој да оди надолу, или да се трансферираат овие луѓе од пасивни, во активни мерки.

Со оваа мерка ние всушност,на овие социјалци им даваме шанса да излезат од таа безнадежна состојба во која што се и да се префрлат на пазарот на работна сила. Тоа е едниот аргумент. А вториот аргумент, исто како и во претходниот случај имаме и економска сметка. Зошто? Просечниот износ на примателот на социјална помош е 2.400 денари. Плус тоа, исто така, по дефиниција им се исплаќа и надоместок за здравствено осигурување во висина од 650 денари. Значи овие луѓе и така и така ја чинат државата 3.050 денари. Со оваа мерка, со овој закон ние наместо тие 3.050 денари да ги даваме така, даваме 4.200 со намера да ги извлечеме тие луѓе и да им најдеме работно место. Значи, повторно постои и тврд економски резон за посебно таргетирање на социјалците како група. Така што, тие дискусии, што ги слушав и при расправата за Буџетот дека парите ќе отишле во бунар не вредат ни пет пари. Парите не само што не одат во бунар, туку што повеќе опфаќаме со овие програми. Ние можеме да оствариме и реална заштеда. И таа сума што е проектирана од две милијарди да биде далеку, далеку помала. Меѓутоа, ќе се навратиме на конечната сума, тоа ќе зависи исклучиво од структурата на опфатот на луѓе што ние ќе успееме да ја постигнеме со овој закон. А тоа ќе го знаеме, откога се разбира ќе почне да се имплеметира овој закон.

Беа спомнати, исто така и во јавноста се отворија повеќе прашања околу недостаток или дефицит на заштитни мерки и можноста на злоупотребите што ќе ги прават работодавачите. Се согласувам дека голем дел од тие дискусии држат затоа што сличниот ваков закон што беше донесен пред 5 години навистина поради низа непрецизности во самиот закон отвори простор за повеќе злоупотреби.

Меѓутоа, врз основа на анализата на злоупотребите што се правени и искуствата од тој закон, ние сега внесовме во овој закон дополнителни, зависи како ги броите, 6-8 механисми заштни кој што ефикасно ќе ги спречат злоупотребите што можеа да се антиципираат, или што беа применувани при пртходната примена на личниот ваков закон.  Особено од овој аспект ќе посветиме особено внимание во креирањето на овој закон и се разбира, велам дека ќе се отвори посебно дискусија тие прашања, доколку има и дополнителни предлози од пратениците во функција на поголеми заштитни механизми, се разбира, како Влада сме подготвени да ги прифатиме. Истовремено со промените во Законот за стечај и во Законот за трговски друштва, што Владата во нeредниот период ќе го достави до Парламентот,

дополнително ќе се покријат и некои други ситуации што во еден дел не директно, туку индиректно можат да го допрат и овој закон.

Околу потребните средства во Законот потребните средства се дефинирани како две милијарди денари уште во старт сакам да ви кажам дека две милијарди нема да се потрошат. Реалната сметка од овој закон, според реалното сценарио ќе биде не повеќе од 1,7 милијарди денари. Зошто? Поради причините што ги напомнав. Затоа што се пробиваат средствата.Ако земеме невработен од режимот на корисник на паричен надоместок нас ни се прибиваат средствата. Ако земеме невработен од режимот на корисници на социјална помош повторно ни се прибиваат средствата. Исто така ни се прибиваат средствата и ако земеме невработен кој што не е корисники ниту од овие два режими затоа што преку Заводот за вработување за преку 60% од евидентираните се плаќа надоместок за здравствено осигурување. Значи тој трошок ние го пребиваме. Така што таа сума од две милијарди ви е дадена како тотална сума за предвидени 17 до 20 илјади вработувања со комплетно рефундирање на овој надоместок од 4200 денари. Меѓутоа, еден дел од нив бидејќи ќе бидат од редовите на социјална помош корисници на паричен надоместок ќе се пребие а исто така преку 60% од коисниците ќе се пребијат по тој основ што тие се веќе корисници на надоместок за здравствено осигурување.

Значи вистинските пари колку ќе чини овој закон, не се две милијарди, туку најмногу 1.700.000 денари. Ако успееме да во поголем број апсорбираме луѓе од режимите, паричен надоместок и режим од социална помош финалната сметка за овој закон ќе биде уште помала.

Како што рековo со овој закон е предвидено да бидат внесени во системот од 17 до 20 илјади луѓе, повторно и таа бројка зависи од самата стртуктура на апросрбирани луѓе. Доколку биде поголем бројот на луѓе корисници на социјална помош или на паричен надоместок, дотолку поголем ќе биде бројот и на вкупните корисници затоа што дел од средствата ќе бидат заштедени преку пребивањето што пред малку го објаснив.

И она што е најбитно. Бидејќи сите ние говориме во апстракции. Законот чини 33 милиони евра, ќе бидат фрлени во дупка, дајте да говориме на конкретно ниво. Да ги индивидуализираме работите. Колку буџетот ќе потроши по работно место. Пресметката говори. Не повеќе од 1300 евра по работно место. Значи кога говориме за сметката на овој закон со гаранција, врз основа на пресметките може да тврдиме дека работно место отворено по овој закон за поттикнување на вработувањето ќе ја

чини државата само 1300 евра. Дури уште помалку од оптимистичката дискусија на пратеникот Иванов, што имав прилика да ја слушам околу расправата по Буџетот.

Значи што може да се заклучи или барем јас како претставник на Владата што можам да заклучам.

Ние имаме за исклучително ниски пари ново работно место. 1300 евра. Од таму гледано и по тврда економска логика овој закон од тој аспект треба да се поддржи. Споредено со сите важечки параметри за тоа колку чини едно ново работно место оваа сметка што се појавува е навистина поволна. Значи, 1300 евра по ново работно место.

Кога говориме за овој закон речиси по дефиниција говориме или се повикуваме и на претходниот сличен закон од 1998 година, мислам дека е во ред и на место тука многу на кратко да ги изанализираме и да потсетам на ефектите од тој закон затоа што од она што слушнав и при генералната дискусија за Буџетот и во разните дискусии што се јавуваат во јавноста, никој не понуди реална анализа на овој закон, туку се говори во апстракции. Неговите приврзаници велат дека е идеален, генијален, неговите противници велат дека парите се фрлени во дупка, предизвикува нарушување на пазарот на работна сила и врши дискриминација кај работодавачите.

Меѓутоа, дајте да не зборуваме идеолошки, дајте да ги погледаме фактите, а фактите се вакви.

Фактите говорат дека, сега ќе ви читам од 1996 година наваму, податоци, многу кратко за новите вработувања. 1996 година нови вработени на неопределено работно време 37.000 и нешто. 1997 година 26.000, 1998 година, тоа е годината а важење на овој закон 66.600, 1999 година кога беше укинат овој закон 25.0000 од кои 6000 се по овој закон, значи 1999 година 19.000.

2000-та година 31,000, 2001 година 31.000, 2002 година 22.000. 2002 година е најлошата година од осамостојувањето на Македонија според вработени лица на неопределено време. Уште една причина зошто мора да донесеме ваков или сличен закон.

Што може да заклучиме дека годината кога бил применуван овој закон имаме 66.680 вработоувања. Во споредба со наредната година 1999 година кога беше укинат овој закон односот е 66.000:19000. Да не кажете дека сум злонамерен, дека споредувам годиа од мандатот на Владата на Црвенковски со година од мандатот на Владата на Георгиевски ќе споредам две години од мандатот на Црвенковски 1998

со 66.000 кога важеше овој закон и 1997 кога неважеше овој закон со 26.000. Што говори тоа?

Говори за неспорните ефекти од овој закон. Притоа, една забелешка што се провлекува низ јавноста, а се нуди како аргумент, но не држи место, мора денеска да се разјасни на оваа седница. Противниците на овој закон имаат обичај да кажат дека овие места 1998 година што биле отворени врз основа на субвенциите врз основа на овој закон всушност ги презеле местата што и така и така би се отвориле, меѓутоа, што велат бројките? Во 1998 година според регуларна вообичаена процедура биле вработени 31.558, а според субвенционираните услови 35.128, од вкупната бројка 66.000 вработувања.

Што говорат бројките почитувани пратеници, дека речиси идентична е бројката на вработени и на работодавачите кои ги користеле погодностите на овој закон и оние кои се определиле да не ги користат иако постојат погодностите на овој закон, тоа до кај не води? Не води во една попродлабочена, пософистицирана анализа кои се корисниците на овој закон. Корисниците на овој закон се оние индустрии, оние стопански гранки на кои им треба понеквалификувана сила и кои се мотивирани од ваквите субвенции и затоа тие се јавуваат како корисници на погодностите од овој закон. Другите работодавачи ним не им менува многу кои трагаат по квалитетен, образован, високостручен профил, ним не им менува многу овој придонес што госубвенционира државата. Тие бараат квалитет и подготвени се да платат за тој квалитет и затоа тие и 1998 година не се определиле да го користат субвенционираниот режим, туку се определиле да го користат регуларниот режим.

Што говори ова? Дека нема опасност од прелевање од така да кажам од крадење на регуларните работни места отворени по регуларна процедура со влегувањето на сила на овој закон.

Впрочем, еве да ги разгледаме и бројките на вообичаени регуларни вработувања по таа процедура. И тие бројки ако ги спoредиме ќе можеме да видиме и во тие бројки дека и во однос значи вообичаените вработувања по регуларна процедура кои, како што појаснив, во годината на важење на ваквиот и сличен закон 1998 година е 31.000 се поголеми од регуларните вработувања и во 1999 и во 2000 и во 2001 и 2002, а се поголеми и од регуларните вработувања и од претходните години 1997 и 1996 година. Значи дека тој аргумент не држи, туку тоа не води до заклучокот дека корисниците на овие бенефиции ќе бидат овие посебни индустриски стопаски гранки кои имаат потреба од полуквалификувана или неквалификувана работна сила.

Ако се сеќавате на мојот вовед токму тоа беше целта на законот што поголем дел од тие луѓе кои не можат сами да се пробијат на пазарот на работна сила да им биде даден поттик, помош да бидат апсорбирани. Што значи дека и оваа анализа потврдува дека законот е солидно димензиониран.

Исто така во анализите, во квази анализите што се применуваа при согледување на ефектите од сличниот ваков закон во 1998 година се велеше дека речиси сите или најголем дел од тие луѓе биле отпуштени. Еве што велат бројките. По основ на овој закон претходниот сличен, 1998 година биле апсорбирани 41.557 лица. По пет години значи сега во јануари 2003 година сеуште се на работа 22.800 лица. Значи процентот на останување е 53%. Јас како министер не сум задоволен и од овој процент. Зошто? А на што се должи овој процент? Заради слабите заштитни механизми на законот од пред пет години. Сега со овие заштитни механизми ние очекуваме тој процент на луѓе што ќе останат на работа и по престанување на важењето на законските норми значи и по четирите години ќе биде многу поголем, а тоа ќе биде вистинската проценка на ефектот на овој закон. Меѓутоа, со право може да антиципирам дека ако при такви слаби заштитни мерки и при евидентирани злоупотреби при примена на сличен закон во 1998 година после пет години 53% од луѓето се на работните места, значи ние со овој закон, со овие заштитни мерки можеме да гарантираме многу повисок процент.

Да не должам многу, се надевам дека бев доволно детален за оваа прва фаза, ви стојам на располагање како претставник на Владата да дебатираме за сите ваши забелешки и сугестии во функција на подобрување на овој закон.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Ганка Самоиловска-Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Почитуван претседателе, некако станва пракса во Собранието при образложувањето на законите кои ги предлагаат министрите истовремено не испуштаат можност да држат предавање и лекции на пратениците, да им ги проценуваат дискусиите дали вредат пет пари, дали вредат 10 пари, дали се тоа квази анализи или не.

Јас барам поддршка од вас како претседател на Собранието да им обрнете внимание на министрите при нивното образложување да се фокусираат строго на

стручниот дел од образложувањето и во иднина да не дозвлите да се однесуваат на начин на кој се однесуваат и до сега во однос на пратениците.

Дали дискусиите вредат пет пари или 10 пари ќе си покаже времето, ќе покаже праксата впрочем јавноста и оние кои гласале за пратениците. Тоа не е работа на министрите. Доколку повеќе им одговара дебатната дискусија одредени министри требаше да си го задржат пратеничкото место во Парламентот, па ќе имавме можност до бескрај да спориме и да дебатираме.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Навистина по едно вакво широко и опширно образложение на министерот се најдов во ситуација да сум малку збунет, едноставно ме разубеди министерот во многу работи. Од она што го зборував на Комисијата, но во едно сигурно ме разубеди дека конечно на овој закон еве јас нема да му го ставам името Бранков закон. До вчера го викав Бранков закон, денеска веќе нема да го викам Бранков закон, туку ќе го крстиме законот на Манасиевски.

Мислам дека навистина имам повеќе причини зошто токму оваа формулација на крајот на краиштата, па не мора се да оди на заслуга на СДСМ, Бранко ја имаше таа можност 1998 година, но и покрај законот изгуби, нека има можност сега ЛДП преку Манасиевски во нови победи.

Почитуван министре, навистина оваа Влада на која припаѓате и вие искажува навистина политичка волја да го реши проблемот со невработеноста и сите оние причини што ги наведовте сега во дискусијата кои се причините заради кои навистина мора да се донесе еден ваков закон, апсолутно велам дека сте во право. Токму тие се причините, сите сме свесни, сите ги знаеме бројот на невработени е голем, помина многу време, имавме разни мерки меѓу другото еве и на Бранков закон, укинат Бранков закон, но бројот на вработените односно невработените константно оди во една зголемена линија, оди нагоре. Што значи дека навистина во Република Македонија  состојбата со вработеноста е алармантна поточно со невработеноста.

Вашата платформа и во предизборната камања беше токму една од тие, се фокусиравте на тој проблем и таа политичка волја еве денеска ја гледаме преку овој ваш закон во кој нудите навистина соодветни и поконкретни решенија во однос на господинот Црвенковски, односно во однос на Бранковиот закон.

Денеска разбрав и нешто ново, јас до скоро бев убеден дека ова беше идеја на господинот Црвенковски дека е ова негово авторско право во однос на креирањето на идејата да се направи ваков закон 1998 година, сега сфатив дека не ја слушнав државата Танзанија или која беше имала такви слични закони што значи дека најверојатно господинот Црвенковски ја украл таа идеја од некаде и одиме во тој контекс, па сега важно во Република Македонија ние си имаме наше авторско право и не сакаме да ни се мешаат други, туку тоа да биде наш закон и да не го менуваме и да не го омаловажуваме во однос на другите.

Да се вратам на законот, но од каде да почнам, од парите во бунар ќе ги оставам за крај, тоа е веројатно мој цитат кој го цитиравте од Буџетот, дали се во бунар тоа ќе го оставиме на крај, но сега да се вратиме на самите основи по кои овој закон се носи.

Лично уште на почетокот ќе кажам дека овој закон нема да го поддржам, не од тоа што сум против да се решава проблемот со невработеноста, туку затоа што не верувам дека на овој начин ќе се реши. Во образложението и ваше и овде во законот стои и тоа е апсолутно прифатливо дека овој закон во никој случај не можеме да го гледаме како изолиран акт односно како само еден правец на дејствување, туку треба да го гледаме во содејство со другите правци што ги дава политиката на Владата која ги дефинира во својата макроекономска политика. Значи, како основни елементи фокусирани се на активните мерки за поттикнување на инвестициите, на економскиот раст и развој, реформа на пазарот на работна сила и создавање на клима на поголема флексибилност и конкурентност.

Значи, сето ова заедно со овој закон би требало да даде резултат на она што го искажавте.

Зошто јас лично не верувам дека овој закон ќе даде резултат, токму заради тоа што оние мерки за кои кажува Владата дека ќе одат во содејство со овој закон, јас лично не сум убеден дека воопшто ќе се оствари. Ние 12 години зборуваме за економски развој, за влегување на инвестиции, инвестирање во стопанството, но за жал, тоа е само пуста желба, а на терен гледаме сосема поинаква состојба, сосема поинаква ситуација.

Господинот министер за финансии кој е исто така дел од оваа Влада кога расправавме за буџетот од оваа говорница полемизираше со мене и не убеди токму во она што сега јас го кажувам. Тој кажа како сакате да има инвестиции овде во Република Македонија кога во нејзе имате воена криза, кога во нејзе ви се случуваат корупција, да не ги редам сите оние работи за кои на сите ни е познато.

Меѓутоа, со доаѓањето на оваа Влада од 15 септември, со промената на власта па до ден денеска еве уште малку па 1 април не гледам апсолутно никакви промени во тој правец, да видам нешто позначително, значи развој во сето она што го наследивте и она што го затекнавте. Што значи дека ако ги гледам сите мерки кои ги презимате како Влада, во оваа насока ни се случува токму обратен процес, еве наместо да гледаме развој, наместо да гледаме инвестиции и преку нив да го поттикнуваме вработувањето со отворање на нови капацитети, со рестартирање на старите ние секојдневно се судираме со обратниот процес поточно имаме пад на производство, имаме слаб промет во трговијата, слаб прилив на средства заради тоа го зголемуваме ДДВ и тн.

Значи, во такви околности многу тешко може да се зборува дека некого е поттикнете да вработи, а независно дали ќе донесеме закон ваков каков што е цитиран или не. Во основа се поставува прашањето каде ќе го вработите? Или, ако го читаме законот содржински да навлеземе во него се гледа дека две се причините или мотивите што работодавците треба да ги мотивираат да примаат работник на работа. Првата причина е тоа што е му се рефундираат средства по однос на придонеси во износ на 4.200 денари, фиксирана цена, а втората причина е тоа доколку земе одредена категорија социјални случаеви, средства по однос на невработеност дека ќе му биде исплатено три просечни плати или 20 и колку беше проценти од тие средства што ги зема. Тоа е единствената работа која ја нуди овој закон во смисла на поттикнување на работодавачите.

Можеби има причина некој да се мотивира, но тој експеримент беше пробан 1998 година и токму оној број што го кажувате дека 53% останале остаток од 47 не останале на работа токму тоа е мотвот кој кажува дека не секој вработил некого заради тоа што имал потреба.

Од 1998 година до денеска 2003 година има голема разлика. Поминаа пет години. Економската состојба апсолоутно не е далеку многу поразлична, развојот односно најавата.

(добрлање од место)

Па не е поразлична. Што да се убедуваме дека е, кога не е.

Значи најавата дека нешто кој знае што ќе се случува во тој правец исто така е мисловна именка. Напротив, од друга страна ни се кажува, тоа беше и во образложението на Буџетот, дека и понатаму продолжуваме со загубарите да ги затвораме, тоа мора да го направиме, значи ќе има една многу поголема маса на невработени. Од друга страна, новина на оваа Влада е што овој пат се заканивме директно како Влада, како ресорни министерства дури на сите откупни претпријатија што откупуваат тутун, дека, доколку не го исплатат ќе им ја одземеме лиценцата беа око да ни трепне и без да водиме сметка дека голем број луѓе работат во тие капацитети. Само Прилепскиот комбинат брои 2.300 вработени. Замислете дека доколку се одземе таа оиценца колку од нив ќе се најдат на работ на егзистенцијата, поточно во Бирото на вработување.

Вие овде зборувате, кажувате дека интерес за вработување по основ на овој закон има во таквите големи капацитети, капацитети каде е потребна не многу голема квалификувана работна сила Да речеме дека тоа е точно. Еве, Тутунскиот комбинат во прилеп, годишно зема што сезонски што на одредено време некаде околу 1000 вработени. Можеби овој закон ќе биде мотив за нив на некој начин да ги пријави во Заводот и да го трансформира тој работен однос од сезонски односно од определено на неопределено работно време. Но, многу евидентен и јасен дека пари нема за откуп, јас не змнам како сега од една страна ќе ги вработиме, еве, да речеме во Тутунскиот комбинат, а од друга страна ќе ја земете лиценцата што пак ќе мора да ги отпушти и да бидат на Заводот за вработување. Тоа не е само за Тутунскиот комибинат и за другите фирми што ги очекува за брзо време некоја принудна смрт. Тоа се најавува и во “Микрон” каде има постапки за стечај, ќе се отпуштат 300 и повеќе работници и да не зборувам за многу, за многу, за дел од тие загубари.

Ако добро и внимателно ја слушнав и забелешката дека со овој закон кажавте се предвидува да се вработат околу 17 до 20 илјади. Значи добро сум слушнал. Таа бројка во однос на 378 илјади и колку се невработени, еден дел се намалува, но заборавивте да кажете или можеби немате таква проценка колку пак ќе останат без работа, не по основ на овој закон, туку по основ на Законот за стечај и по основ на сите овие мерки што Владата ги најавува. А, ни се случуваат секојдневно. Сега, можеби е мотивот од една страна да ги испуштиме тие луѓе, со мерките што се најавуваат, а од друга страна со овој закон да ги земеме само да не им ги дадеме средствата за социјална помош односно средствата за осигурување во случај на невработеност.

Исто така, можам да ја сфатам и разберам волјата кога се
зборува за кои категории на невработени ќе имаат предност за вработување со овој закон. Тоа се невработено лице на кое му престанал работниот однос по основ на економски, технолошки и структурни промени, за што веќе зборувавме, она лице на кое му престанал работниот однос по основ на стечај и корисник на социјална помош итн. И, господине минис тре испуштивте само уште едно како точка и по еден член од семејството. Тоа го заборавивте, а беше ветено. Да дадеме предност на еден член од семејството. Така стои, вака може да влезат двајца оддеднаш, а тоа отстапува од ветеното. Добро, вака може да дојде до обратен правец таму каде се двајца вработени еден треба да испуштиме и од тој аспект не е во ред, па м ожеби е добро што не го ставивте.

Зборот ми е, јас лично не верувам дека во вакви услови на пазарот, какви владеат во Република Македонија ќе можеме да убедиме корисник на социјална помош, па и корисник на надомест по основ на осигурување, од овие категории што ги наброивме, дека со ваков закон ќе го убедите да се вработи. Апсолутно не му одговараљ. Знаете како е народот кај нас научен, да зема пари од социјална помош, да зема пари по основ на невработеност но да работи на црно. Исто така и работодавците тоа го прават. Од две страни има некој прилив и тоа е доста масовна појава. Затоа можеби оваа бројка на невработени што фигурира во Заводот за вработување можеби не е толку реална, доколку се направи една добра контрола, доколку е можно да се направи контрола.

Тука се поставува прашањето дали кај тие работници воопшто ќе има мотив да се вработат. Тоа е едната причина.

Втората причина, сите сме свесни колкава е платата кај работодавците кои ќе се повикаа по основ на овој закон да вработат. Бидете сигурен дека таа плата нема да се движи повисоко од тоа што вие го давате во однос на рефундирани средства. Значи 4.200 до 4.000 денари. Сосе придон есите околу 6.500. Ни тоа не е мотив некого да го принудите да се вработи. Старите навидки ќе останат, ќе гледаме што може повеќе да се искористи, ако може да земаме и помош, и надомест зас вработување по основ на невработување, а ако може и да одиме некаде на работа, а да не се пријавуваме. Тоа е единствената мотивација кога зборувам за оние што тртеба да го користат, за работниците.

Кога станува збор за работодавците, сите сме свесни дека сите работодавци, без исклучок во Република Македонија денеска се наоѓаат во една тешка, прво и основно каде да го најдат пазарот. Се соочуваме со една криза во стопанството и

тоа што се произведува тешко може да се продаде. Значи приливот на средства е толку минорен, да во онаа состојба во која што се со вработените сега, моментално, многу тешко да опстанат, а камоли да вработува, па независно дали за него ќе плаќа придонеси или не.

Значи главната причина, пак ќе потенцирам е економската  состојба, за жал, јас можам да кажам од она што го гледам од таму од каде припаѓам нема претпријатие на кое што во овој период, во овие шест месеци колку што сме откако е оваа Влада, не се чувствува криза во работењето. Нема прептиријатие кое не мачи мака како да исплати плата. Веќе и оние што се беа редовни, еве кој пример да ви го земам, пак ќе го земам Тутунскиот комбинат, таму никогаш платата не доцнела. Сега веќе е два-три месеци не можат да земат плата. Сега, како да го поттикнеме ако не плаќа придонес, прима на работа, а од друга страна процесот не оди. Значи не верувам дека овој закон ќе даде разултати затоа што не верувам дека оние мерки што ги наведовте во владината програма што треба да одат паралелно со овој закон не верувам дека воопшто ќе се оствари. Ќе биде само една програма на која што ќе се осврнуваме секоја година. Ќе тапкаме во место, а се на се од целата програма што Владата ја ветуваше ќе остане само овој закон. Неминовно е, во недостиг на други мерки, други правци како да се реши проблемотна невработеноста, при останувањето на овој закоон да се наоѓаат аномалиите во него. Ќе се наоѓаат многу начини како да се злоупотебат, како да се испуштат тие работници итн. Итн., што нешто не беше непознато, непозната работа ни во претходниот закон.

Зошто велам  дека тие две милјарди, поточно тие три милиони евра одат во бунар. Затоа што независно дали некого ќе ослободите или не да не плаќа придонеси, дали ќе рефундирате, факт е дека Буџетот трпи. Значи ќе мора да даде средства. Затоа се депонирани во Буџетот. Затоа се одредени две милјарди. Еве нека не се две милијарди, нека се милијарда и седумсто како што  кажавте, иако јас се сомневам дека ќе има интерес кај тие со социјална помош но нека се милијарда и седумсто. Сепак се тоа пари земени од граѓаните на Република Македонија од средства што ги плаќаат преку даноци. Од 1 април натаму ќе бидеме сведоци кога животниот стандард на голема категорија на граѓани особено на оваа за која се борите да ги вработите ќе биде намален,  заради тоа што вчера го зголемивте ДДВ-то затоа што директно ќе се одрази на нивниот стандард. Заради тоа што 14 илјади семејства веќе престанаа да користат социјална помош и сега по основ на овој закон не ќе моат да конкурираат. Тоа го направивте со вашите мерки.

Значи, лично сум убеден, можеби крајот на оваа година тоа ќе го покаже, дотогаш важи овој закон дека можеби бројчано ќе го остварите ова што го предвидувате во смисла на бројка, но реалните ефекти, реалниот интерес нема да го почуствува, затоа што од еедна страна ќе излезете со податок овде дека се вработени 20 илјади по основ на овој закон, но, од друга страна ќе покажете колку останале невработени во соодност на оние други мерки што, наместо да одат во насока на развој ќе одат во насока на стагнација.

Значи, од сите овие причини, јас лично кажав и на пмочетокот нема да го поддржам овој закон и ќе гласам против.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот  Манасијевски бара збор.

JОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Како што ме потсети пратеничката Самоилова, навистина морам да признам дека ви е тешко што се во улога на пратеник и се надевам дека со разбирање на сите пратеници ќе ни биде дозвлено, повремено според начинот и според тонот на мојата дискусија и јас да си го дозволам тоа задоволство.

Во однос на дискусијата на пратеникот Караџоски, за жал таа и понатаму го продолжува оној тренд на дискусии и завршува со еден заклучок дека парите се фрлени во бунар. Јас дадов доста детален опис на тоа зошто парите не се фрлаа во бунар, меѓутоа пратеникот Караџоски бидејќи доаѓа од Прилеп да го потсетам дека според сличниот ваков закон во 1998 година во Прилеп се сеуште вработени 1784 луѓе. Тие се во редовен работен однос. Значи господине Караџоски, 1784 семејства на ваши сограѓани обезбедуваат егсистенција по основ на ваков сличен закон. Ако пораката Ваша до нив е дека тие пари се фрлени во бунар, во ред. Меѓутоа, тоа ним треба да им го кажете на 1784 семејства кои и после 5 години користат, всушност ја вадат својата егсистенција поради ваков сличен закон дека тие пари се фрлени во бунар.

Не се фрлени во бунар, главанта филозофија на овој закон е да на тие кои немаат шанса во едно пазарно стопанство како што градиме, во едне капитализам кој е суров систем по дефиниција, каде само неспособните успеваат, на оние со помалку образование, со помалку шанси да им dадеме и ним можност да не бидат

во состојба на пасивни реципиенти, да молам за социјална помош да бидат маргинализирани. Туку шанса и за нив да бидат апсорбирани во пазарот на работна сила.

Кога говорев за искуствата на кои што се темели овој закон компаративни, говорем и за четиристолбниот систем и дефветнаесетте директиви на Европсната Унија. Вие тоа очиглеедно не сте го слушале, туку ја спомнувате Танзанија. Во Танзанија нема ваков закон. Ваков закон постоел во повеќето држави на ЕУ а постои и денеска, било во форма на закон, било во форма на Програма во повеќе транзициони држави. Само како еден пример на држава слично рангирана како нашата, држава од таканаречениот западен балкан ќе ви ја прочитам сумарно содржината на хрватскиот закон, таму тоа се нарекува софинансирање на вработувањето, кофинансиррање на вработувањето. Таму јасно стои дека кофинансиррање на вработувањето се врши со субвенционирање на работодавците за плаќање на придонесите. Слушајте сега доаѓа интересниот дел - времетраењето е 36 месеци. Кај нас е 24 месеци. Значи, уште поекстремно. А слушајте сега и понатаму - обврската на работодавецот е задржување во работен однос во текот на субвенционираниот период. Значи, не понатаму. Кај нас обврската е дупло да го задржи. И, уште понатаму - ако работодавецот ги задржи на работа и по истекот и на тој период му се исплаќаат во готови илјада евра по вработени. Значи, дополнително Буџетот иако го задржи уште после 36 месеци уште илјада евра и со тие илјада евра има обврска само уште 12 месеци да го задржи. Јас ви објаснив дека нашиот закон ќе жини 1.300 евра по вработен во тотал. Хрватскиот ако го соберете чини 3-4 илјади евра. Оттаму кога говорев за искуството, говорев како за умерен модел на примена на овој концепт, модел кој води сметка да не направи дисторзија на пазарот на работна сила и да не доведе во ситуација на посериозна дискриминација меѓу работодавачите. Тоа се искуства.

И законот не е ниту на Бранко ниту на Манасијевски, туку ова е познат стандарден концепт. НиШто ново не откриваме. Применување потврдени искуства.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Караџоски има реплика од три минути.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине министре за Прилеп ми кажавте податок кллку вработени останале на работа по основ на овој закон. Некаде околу 1.700, а колку од нив останале без

работа по основ на овој закон, веројатно бројката е толкава. Сигурно е толкава, затоа што 53%, значи ако останале 1.700 веројатно толку и не останале на работа, што значи дека за нив кога зборувам дека некои средства се фрлени во бунар, тоа е толку за таа категорија што не останале на работа по основ на бранковиот закон, зборувам за оној од 1998 година.

По основ на примерот со Хрватска, ние сме Република Македонија и ме чуди, Хрватска важи за една многу позадолжена земја од Републилка Макесдонија, па да е толку дарежлива во однос на овој проблем. Ме чуди пак зошто сме ние толку скромни, а сакаме да го решиме проблемот. Во секој случај не е лошо малку да ги подучиме и хрватите, малку повеќе да штедат, така како што Влада сака да штеди, наместо макијато да се пие турско кафе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Манасијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Бидејќи пратеникот Караџоски бараше дополнителен податок, сега не знам господинот Караџоски од која позиција говори, па ми е тешко да кажам дали за ваша беља или за ваша среќа просекот на Прилеп е многу поголем од државниот. Просекот на Прилеп на останати на работа е 65%. Така што во Прилеп со овој закон биле опфатени 2.740, а останале 1.780. Значи просечно 65%. Значи, многу повеќе од националниот просек. Тоа е аргумент повеќе, вие како пратеник од Прилеп да застанете во одбрана на ваквото решение. Затоа што е очигледно дека прилепчани многу повеќе се офајдиле од овој закон, затоа што просекот е 53%. Има општини каде процентот на опстанок е помал од републичкиот, така што особено за прилепчани, овој закон така покажало претходното искуство, сега не знаеме како ќе биде, дај боже да биде подобро, претходното искуство покажало дека особено кај прилепчани процентот на останати е доста висок 65%.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА.

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Декларираната цел на предложениот закон за поттикнување на вработувањето е да се создадат внатрешни сили за закрепнување на македонската економија. Намерата изразена со овој предлог закон да се нагладат реботодавците кои отвориле нови работни места со опмош на неповратни државни пари, а со тоа на невработените да им се даде реална шанса за вработување, во едно општество како што е нашето со огромен број на невработени, секако звучи возвишено и хумано. Тоа, на прв поглед, заслужува поздравување.

Меѓутоа, многу е неблагодарно да се оценуваат нечии си добри намнери како нереални, односно како недобри. Ние не сме ниту Јапонија, ниту Германија, каде ангажирањето на еден работник чини неколку илјади евра месечно, па лекот за зголемување на бројот на вработените да се гледа во намалување на трошоците на работодавачот за работна рака со што би му се овозможило на истиот во одрреден рок и со низок профит да се бори за опстанок на пазарот.

Во Република Македонија има ефтина работна рака, чија цена е од прилика како во нашето источно-западно и северно соседство. Инвеститорите и физнисмените, домашните и странските се воздржуваат од отворање нови работни места, не затоа што трошоците на работната рака се високи.

СИЛВАНА БОНЕВА:

При толку евтина работна сила во нашата држава намалувањето на трошоците за работна рака во првите две години за новоотворено работно место, како што стои во предложениот закон, нема да го направат нашиот амбиент за стопанисување попривлечен за инвеститорите и бизнисмените, дотолку за да се направи забележителен ѐкор во намалувањето на бројот на невработените.

Понатаму, како ќе се знае дали невработените навистина се нововработени, или само се легализираат работниците кои до овој закон работеле на црно. Бидејќи истите истовремено се водат во евиденцијата на Заводот како невработени.

Потоа работниците кои со носењето на овој закон работеле со ангажирање на работници на црно наместо да бидат казнети сега се наградуваат со тоа што сите македонски даночни обврзници им ги плаќаат придонесите за плати на нивните вработени, а згора на тоа, таквите работодавци се ставаат и во привилегирана положба во однос на тие работодавци кои редовно ги плаќале придонесите по основ на плата, односно имале чесен однос и кон своите вработени и кон државата. Владата секако го предлага овој закон за да обезбеди нови вработувања, а не само фиктивно да ја намалува стапката на невработеност.

Да земеме друг пример. Во една иста дејност која е трудоинтензивна, односно профитот во добар дел зависи од обемот на ангажираната работна рака, како што се градежништвото, конфекцијата, такси-компаниите, угостителските објекти и сл, да претпоставиме дека имаме две мали фирми од кои едната веќе работи со пријавени работници, а сега после носењето на овој закон се појавува нова фирма, која ги користи сите поволности од овој закон и само поради овој закон останува поголем профит за неа, односно поради поволностите од овој закон новата фирма за единица производ или услуга ќе има помали трошоци, а со тоа ќе биде поконкурентна на пазарот, поради што ќе го загрози работењето на фирмата која и пред донесување на овој закон си работела чесно. Со тоа, наместо државата да обезбедува еднаква положба на субјектите на пазарот, таа со закон таа со закон воспоставува нееднаквост. Белким целта на овој закон не е од едни да се одзема работа за да се даде на други, а тоа нешто може да биде поттикнато со овој закон и да ги погоди малите фирми кои што досега работеле со мал профит,но со чесен однос на работодавците кон своите вработени.

Понатаму, од една страна во Законот е предвидено работодавецот кој ќе ги ползува погодностите од овој закон да ги задржи работниците најмалку двојно повеќе од времето за кое користел надоместување на средства за придонеси за плати, а од друга страна за приватната иницијатива има само една вечна вистина- дека таа е непредвидлива. Самото стопанисување како и животот со себ е лси носи одредени ризици. Која е гаранцијата за една мала по доход фирма, која две години ги користела погодностите од овој закон, дека во третата година ќе биде толку доходовна и способна самата да си ги обезбедува придонесите за исплатени плати, односно дека нема да пропадне и покрај најдобирите намери на работодавецот. Дали работодавците кои ги користеле погодностите од овој закон, а не успеале со својата фирма да опстанат на пазарот ќе бидат казнувани и од законодавецот, затоа што нивниот бизнис пропаднал. Навистина ако се усвои овој закон ќе ги направи попривлечни за купување оние претпријатија кои до вчера беа под стечај, затоа што значително ќе се намалат трошоците за работодавачот за ангажирање на работна рака на неопределено рабортно време. Ќе им се даде поголема шанса за опстанок и на оние од скоро формирани акционерски друштва, кои што произлегува од поранешните земјоделски комбинати кои своите постојано вработени ги пријавуваат како сезонски работници, со договор за повремена работа, бидјеќи немаат средства да им ги платат придонесите на платата.

Но, ако во сите тие фирми не се внесе нова технологија и организација на производството со кои ќе се направат конкурентни нивните производи на странските пазари, само ќе им се продолжи агонијата, а во тој случај виновници за отпуштањето работници ќе бидат менаџерите и работодавците, а не тој што дал предизборно ветување дека ќе се вработат толку и толку лица. Значи, во таква ситуација законот ќе заврши како краткотрајна прагматичност за купување на гласови.

Со Законот е предвидено месечно да се издвојуваат нешто помалку од 70 евра по вработен, како надоместок за уплата на придонеси за плати. За 100 нововработени работодавецот во рок од две години би добил околу 163.000 евра, а фирмите кои што до вчера беа под стечај сега ќе се продаваат со многу мал број пријавени работници. Тој што ќе стане сопственик на таква фирма секако ќе треба да ангажира двеста или триста стечајни работници, а во некои претпријатија и многу повеќе, поради што можеме да сметаме дека сопственикот на една таква фирма би добил 300.000 до 400.000 евра како награда затоа што ги ангажирал довчерашните стечајци од фирмата која сега ја купил. А тој кој што ќе купи фирма која до вчера била во стечај, доколку сака опитна, вешта и искусна работна рака, таквата секако и сам ќе си ја побара меѓу стечајците без некој да го поттикнува на тоа. Значи, би било многу подобро таквите фирми иако се ослободени од вишокот вработени, да се продадат поевтино, отколку после носењето на овој закон ем да ги купат по најповолна цена, ем по овој закон т.н. Бранков закон, да им се делат награди под маската на грижа за невработените, а цехот за тоа да го платат сите даноч ни обврзници.

На крајот, овој закон, од нечесните може да се користи и како средство за перење на пари, затоа што во него не е предвидено работодавци кои ќе искористат поголеми суми да не можат да бидат донатори или спонзори на партиите кои учествувале во донесувањето на овој закон. Сметам дека резултатот од овој закон ќе биде само уште еден демагошки поход, и, затоа нема да го поддржам овој закон.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам. Господинот Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Другари и другарки, сега слушајќи тука ми падна напамет една мисла што ја искажал Луј Амстронг кога слета на месечината. Рече, “Ова е мал чекор за човекот, а голем за човечанството”. Јас незнам колку беше неговиот чекор, ама тогаш мислев

дека човечанството има големи благодети од пристигнувањето на
месечината. Досега тие благодети не ги осетивме, освен големите технички, технолошки достигнувања и освен што видовме дека на месечината нема живот, има само песок. Ние сега кога носиме оваков закон кој го предлага Владата, јас тоа го сваќам како мал чекор во сферата на економијата, а какви ќе има ефекти и резултати од него, треба да видиме допрва. Тука со внимание го пратев излагањето на министерот за труд и ги следев бројот на вработени по години. Тука и запишав некои бројки, тој располага со многу подобри податоци, па ги кажа годините 1996, 97, 98 и од 1998 година наваму се по години колку се вработени луѓе. Ова, посебно сакам да го потенцирам затоа што во донесувањето на Законот за поттикнувањето на вработувањето во 1997 година, пратеничката група на Социјалистичката партија која тогаш броеше околу 8 пратеници и јас, активно учествуваме во формулирањето, дефинирањето и донесувањето на тој закон. Тој закон е донесен 1997 година, чини ми се на средината, половината. И неговиот ефект практично може да се мери само 1998 година. Човек треба да биде објективен, реален, чесен и да ги посматра работите и така, и затоа јас пред некој ден реков по овие прашања да имаме ние консензус. Ние треба тука да се бориме да го доградиме тој закон, да му даде поефикасна форма. Инаку, тој закон што беше од 1997 година, тој ги даде резултатите. Можеби недостасуваше податокот да го изнесе министерот за труд, колку од тоа се вработени во материјалната сфера, во сферата кај што се создава лматеријалното богатство, колку е од тоа врабтено во администрацијата, колку е тоа вработено исто така 1996 и 1997 година во администрацијата, а колку во материјалната сфера. Колку е тоа направено во годините 1999, 2000, 2001, 2002 итн. И тогаш ќе имавме ние една поцеловита слика и ако тој закон не се укинеше 1999 година, еднаш со премиерот на тогашната Влада разговарав и му реков дека е голема грешка што го укинаа тој закон, и со аргументи му кажав, тој рече -таа работа се заврши веќе неможеме да ја враќаме. Што сакам да кажам со ова, сакам да кажам за да еден закон има своја ефектива и резултати тој треба да се надоградува, тој треба да се надополнува, тој треба да ги следи состојбите, ефектите и со нови мерки да тие процеси ги поттикнува и развива. И сега да не се деси ние носиме закон за кој што ќе зборувам и јас и ќе изразам некои сомневања, носиме закон а некој утре дојде повторно на власт и го укине тој закон како таков. Ние во економисјата мораме да имаме континуитет и ефектите на тој закон беа намалени затоа што големи вработувања беа направени големи системи како што е Астибо, како Македонија, како некои други да не ги набројувам сите, кои што при отсуство на побрза

приватизација и при отсуство на пратењето на тие системи со ред мерки од областа на царините, во банкарскиот систем, во Буџетот итн. Итн, дојдоа во ситуација во кава  што дојдоа и тие вработени отидоа во технолошки вишок. Таму кај што тој закон се примени во организации во кои што беше доминантен приватниот сектор, таму воглавном и вработените останаа. Имаме и случаи такви, кај што партиските шерифи во поедини општини од  себични, егоистички причини, од теснопартиски интереси, ги затвараа таквите фабрики, ги ликвидираа, ги подбуцнуваа луѓето да влегуваат во  штрајкови кои што тие фабрики ги доведоа во многу тешка состојба. Према тоа секоја партија треба да помисли и за својата иднина и перспектива дали го поддржува економскиот развој или со разни мангупски форми и методи ја уништува економијата од страна. Ние тоа имавме и доживеавме во Кратово кај што ја развивавме една таква индустрија текстилна и кај што дојдовме до 400 вработени и проекти имавме уште за 300 работници. Меѓутоа, од овие причини за кои што зборував и тие 400 ликвидираа. Према тоа, тоа доаѓа како резултат што ние не сватиме дека економијата е доминантна работа,што ние барем тоа требаше да го научиме од времето на социјализмот, нарочито од неговите последни дваесетина години кога и власта, и политиката и се, се определи за развој на економијата во Македонија.

Е сега, да кажам нешто и за овој закон.

Видете, ќе донесеме закони, ќе изградиме стратегија, ќе напишеме акциони планови, ама ако тие закони, таа стратегија, тие акциони планови немаат материјална подлога, тешко е да се остваруваат. Тука во Парламентот често пати читам, вели, за спроведување на овој закон нема потреба од додатни финансиски средства. Токму за спроведување на овој закон треба таа форма да биде дефинирана, да биде објаснета и да биде кажана. Во оној закон од 1997 година, кој ги даде големите ефекти во 1998 година, кои се загрозија покасно, таму беа обезбедени средства за инсвестиции. Значи, добро кажа лминистерот за труд, со овој закон се  поттикнува вработувањето на неквалификувана работна снага. Дали е таа слободна работна снага на пазарот, дали е тоа работна снага која има одредени примања преку заводите за вработувања, или е работна снага во социјалната, не е битно, али најчесто има потреба од додатни преквалификации и квлаификации и тоа во зависност од работното место трае 3,6,9,10,12 месеци. Тие што сакаат да ангажираат работна снага, тие не може, не се во состојба економска, финансиска состојба не се, да тој период го финансираат на обука на работна снага. Со Законот од 1997 година тоа прашање беше решено. Понатаму, бидејќи се работи за

неквалификувана работна снага можам да ви кажам слободно воглавном млада работна снага. Овде беа изнесени податоци од 46.000 луѓе кои примаат приходи преку Заводот за вработување, 80.000 луѓе кои се социјалци, итн. И од таму примаат одредени приходи, ама има уште 300 или 280 илјади луѓе кои не се никаде евидентирани, поправо евидентирани се во заводите, али не припаѓаат на ниедна од овие категории. Тоа се воглавно млади луѓе на кои што им треба во овие области, во кои што сакаме најголемо вработување, им требе доквалификации. Тоа овој закон не го решава тоа прашање.

Второто прашање во врска со што ме спомна и министерот што реков пред некој ден дека се потребни од 2,5 до 3000 евра за работни места во лесната индустрија. Јас мислев на дирктни инвестиции, да се инвестира во опрема, да се инвестира во дел од инфраструктура, да се инвестира во машини, кои што можат да дадат производство. Сега, тие што се бават со овие дејности и сакаат да се занимаваат со ваква дејност, тие не остваруваат големи профити и тие немаат пари и таква акумулација директно да ги ангажираат парите во инвестициите. Во 1997 година законот обезбедуваше такви средства и ефектите беа присутни. Сега, вие некој да натерате да инвестира во нови вработувања, во нови области, за кои што зборувам, не можете, затоа што ги немате тие пари. Затоа што не работи со таква акумулација како што работи организациите кои се бават со висока технологија. Некаде има некој и ќе вработи.

Четврта работа, кога се одлучува тие што ќе земат работна сила, тие тешко ќе се одлучат на оние луѓе кои утидоа под Заводот за вработување со преку 25, 26, 27, 28, 29 и 30 и нагоре години, затоа што тие луѓе веќе не се така продуктивни, бидејќи продуктивноста опаѓа со годините. Може да се одллучат на оние технолошки вишоци кои се оквалификувани и кои ќе им дадат ефекти. Тоа е случајот, на пример, во Штип, од каде што со пропаѓањето на Астибо се отворија 60 или 70 конфекциски единици и кои ги прибраа луѓето кои беа квалификована сила и кои беа многу помлади, кои беа оквалификувани, осопособени за работа, ама не ги прибраа оние работници, кои беа веќе во години. И, таа појава сега ќе стои. Според тоа, овие сметки што ги направи министерот, имаат економска подлога, но немаат реализаторска ефикасност. Тие математики како се направени, тоа држи и тоа е така, меѓутоа, тоа не може да предизвика интерес кај оние кои треба да отворат нови работни места. Јас се плашам дека нема да се создаде таков интерес. Може би, јас не сум правел пресметки, ќе беше поефикасно, покрај овие мерки, ние да размислевме или Владата да размислеше дека тоа да го направи и да ги ослободи

фирмите кои ќе примат нови работници. На пример, ако брои 100 и
прими 20% од тие 100, за 20% да се намалат персоналниот данок, данокот односно придонесот за пензиско инвалилдско осигурувње, придонесот за здравство итн., давачките кои се насочени кон државата. Тоа пак има свој ефект во смисла на тоа дека тоа, главно, се млади луѓе кои доаѓаат на работа, кои не заболуваат така брзо, а оваа мерка е од пред две години и тао се млади луѓе кои сега не одат во пензии. Нема да биде оштетена ни едната ни другата  институција, а ќе имаме ефект на вработување. Тој попуст ќе се однесува на сите вработени. Или, ако некој веќе отвора нова единица производна, тогаш јас мислам дека тој што отвора треба од сите овие давачки да биде ослободен за 50% И тоа може да предизвика некаков интерес, под услови да се обезбедат кредити под исклучително поволни услови, колку долги години на враќање и ниска камата. Сега, се плашам дека можеме да ги ставиме организациите во нерамноправна положба на пазарот. Тоа, веројатно, Владата во тој поглед правела некои согледувања  и анализи, меѓутоа, тоа е факт кој е многу воочлив и кој многу се гледа. Ќе има, она што рекоа тие што држеле на црно работници, па не ги пријавувале и тоа е ефект сега да ги пријават, да ги вработат. И тоа нешто значи.

Според тоа, јас ќе гласам за овој закон. Ќе гласам затоа што припаѓа во сверата на економијата затоа што нешто значи повеќе, од она што ништо не значи и што го немаме. Но, во исто време, ќе им препорачам односно ќе и препорачам на Владата сега да мора да ја следи примената на законот и мора брзо да дејствува со додатни мерки, за да може законот да има своја привлечност, да има своја применливост и да има некаков ефект и тоа само во областите на материјалното вработување.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Голем чекор може да се направи во сверата на џезот, не мора само во сверата на астронаутика и тоа е исто така толку голем чекор.

Господинот Димитров Ангел.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитуван пртседателе, почитувани претставници на Министерството за труд и социјална политика, почитувани пратеници,

Веднаш по првите најави дека новата Влада планира повтгорно да го донесе законот за зголемување на вработеноста или популарно наречениот Бранков закон, кај опозицијата се појави голема вознемиреност. Оваа вознемиреност не се гледаше само низ изјавите по медиумите што ги даваат поединци, претставници на опозицијата, туку и во дискусиите на одредени пратеници во Парламентот, дури и по точки од дневниот ред кои воопшто немаат допирна точка со овој закон. Но, најочигледно таа вознемиреност се докажа со поднесувањето на безброј амандмани на пратениците од опозоцијата, на Предлог буџетот за 2003 година, кои како по правило сите предлагаа намалување на разделот 09002 Министерство за финансии, функции на државата, каде беа предвидени средства за реализација на овој закон. Притоа, се предлагаше за сметка на овие средства да се зголемат разни износи, како например, за заштита на спомениците на културата, за организирање накултурно-уметнички манифестации, за финансирање на спортски клубови, за организирање на литературни средби, за сценско-уметничка дејност и безброј други повеќе или помалку значајни дејности во државата. Зошто се појави ваквата вознемиреност? Дали опозицијата се плаши дека овој закон може да има позитивно влијание врз намалувањето на невработеноста во Македонија. Образложенијата од типот на некои луѓе не им е потребно вработување, туку да им се плати откупот на земјоделските производи, воопшто не држат. Затоа што, тоа се сосема различни мерки на економската политика. А, и ако се бара, некаква посредна поврзаност помеѓу нив, тогаш може да се констатира дека зголемувањето на вработеноста позитивно влијае врз зголемувањето на побарувачката на стоки и услуги, што се подразбира позитивно ќе се одрази на севкупнит економски подем во Републиката, а со тоа, се разбира и на плачањето на земјоделските производи. Стравот на опозицијата дека залудно ќе се потрошат средства од буџетот, не држи и од еден друг аспект. А тоа е фактот дека од најголемиот број невработени лица и денес се на товар на буџетот. Или, како корисници на надомест на вработеност или како корисници на специјална помош. Само неколку примери иако министерот доволно зборуваше за тоа. Во февруари 2003 година, 44 521 лице биле корисници на паричен надоместок, а дури 233 илјади лица или 61% од вкупниот број на невработени, 380 илјади, се корисници на здравствено осигурување на терет на Завод за вработување. Што тоа значи? Дека државата има намера, наместо овие средства да се користат како социјална заштита на граѓаните, да се наменат за нивно продуктивно вработување. На граѓаните им се

дава шанса, продуктивно да се вработат сами, со својот труд, да заработуваат за својата егзистенција.

Сега, нешто и конкретно за законот. Владата не го смени само насловот на законот, од Законот за зголемување на вработеноста, во Закон за поттикнување на вработувањето, туку направи неколку значајни измени што законот го прават попрецизен и поотпорен на разни злоупотреби и изигрување од страна на работодавците. Кога на 28 јануари 1999 година, пратениците од тогашниот парламент го донесоа законот за престанување на важењето на законот за зголемување на вработувањето, главните образложенија беа, дека Законот нема контролни механизми, дека многу често се изигрува од страна на работодавците и дека тие наскоро ќе донесат нов таков или сличен закон кој ќе го замени веќе укинатиот. Но, сведоци сме дека во изминативе четири години таков закон не беше ниту понуден, ниту пак донесен од парламентот. Законот за поттикнување на вработувањето содржи неколку новини т.е. различни одредби од стариот закон, кои битно го подобруваат.

Прво, во новиот закон, покрај соплаќањето на придонесите од плата, се предвидени и други средства за стимулирање на новите вработувања, кои се предвидени во член 4 и 5, а тоа се за лицата кои се корисници на паричен надоместок и по основ на невработеност, се предвидува исплата на тримесечен износ на средствата во висина од 25% од просечната месечно нето плата по работник во Републиката. а за лицата кои се корисници на социјална помош работодавецот ќе добие неповратни средства во висина на тримесечниот износ на социјалната помош во претходната година.

Второ, за разлика од стариот закон каде бројот на вработени над кои секое вработување се смета за зголемување на бројот на вработените, кај работодавецот се земаше фиксниот датум, а тоа беше 1 декември 1997 година. Во член 3 од новиот закон е предвидено тој број да изнесува највисокиот износ на вработени на неопределено и на определено време во еден од последните 12 месеци пред влегувањето во сила на овој закон. На овој начин се спречуваат намерните отпуштања на вработените, пред донесување на законот, со цел тој да се изигра.

Трето, во член 3, исто така е предвидена новина во поглед на тоа кое лице се смета за невработено лица. Во стариот закон тоа беа и лицата на кои им престанал работниот однос по основ на стечај до 1 декември 1997 година. Додека, со новиот предлог тоа се сите лица на кои им престанал работниот однос по основ на стечај, без разлика на тоа кога се евидентирани во Заводот за вработување, што значи

законот ќе важи и за работниците на кои ќе им престане работниот однос по основ на стечај и по донесување на Законот. Можеби во стариот закон тоа беше направено со цел да се спречат намерните стечаи и да се искористат привилегиите од Законот. Но во новиот закон ваквата аномалија се отклонува со одредбите во член 11, каде е предвидено контрола на ново основаните фирми пред отпочнување на дејноста, не биле регистрирани, завршена дејност на свое име и на име на членовите на неговото семејство, сопругата, децата и родителите.

Јас особено, овде ќе го пофалам и новиот амандман предложен од Владата сега што го добивме на седницата, кој навистина овој член уште подобро го регулира во однос на ова предложениот во Законот. Бидејќи, во стариот предлог тоа важеше само аномалијата во поглед ако сам организираш фирма. Сега, тоа важи и за друштвата со ограничена одговорност и за трговските друштва кои ќе се регистгрираат, а кои претходно работеле со истата деност.

Забелешките на некои пратеници дека на овој начин Трговските друштва се ставаат во нерамноправна положба, исто така, не држи. Бидејќи, новите фирми ќе бидат привилегирани со поефтина  работна сила од веќе старите регистрирани фирми и кои имаат  вработени, затоа што можноста да вработат нови работници под истите услови имаат и старите и новите фирми. А, постарите сигурно имаат и други предности, како изградена инфраструктура, веќе стекнато место на пазарот, искуството и многу други предности.

Во врска со подобрата контрола за начинот на постапувањето на работодавците, органите и службите во примената на законот, за што на еден начин бевме повикани сите и од министерот да дадеме предлози, јас предлагам во правилникот што ќе го пропише Министерот за труд и социјална политика, покрај останатите документи за исплата на платата и придонесите, да се бара и заверена исплатна листа од страна на деловната банка во која невовработените ќе отворат штедни книшки или тековни сметки за исплата на платата.

На овој начин ќе се обезбеди уште една контрола на спроведување на законот и ќе се спречат злоупотребите од страна на законодавците.

Почитувани пратеници, се разбира дека нема и не треба да очекуваме дека овој закон сам, изолиран,  ќе го реши проблемот на невработеноста и сиромаштијата во РМ. Но, заедно со останатите закони и измените на закони кои се предлагаат со макроекономската политика за 2003 година, навистина, можат да имат позитивно влијание за решавањето на проблемите со невработеноста. Затоа, се надевам

дека наскоро во Собранието ќе ги добиеме и овие закони, а особено
овде би претендирал на веќе предложени мерки со економската политика.

Прво, основање на централен гарантен фонд заради реализација на економски оправдани профитабилни проекти, кај кои основната причина за одбивање на кредитното барање од страна на делвоните банки е неможноста кредитот да се обезбеди со хипотека и со други средства за обезбедување.

Второ, измените во законот за договорен залог и законот за извршна постапка, заради поефикасна заштита на побарувањата на доверителите и зголемување на нивната сигурност кај потенцијалните инвеститори. Се разбира, ќе мораме многу да работиме и на промоцијата и привлекувањето на директните странски инвестиици и давањето поволни концесии на домашни и странски инвеститори за развој на земјоделстовото, енергетиката, туризмот и сообраќајот.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на г-динот Димитров.

За збор се јави Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОСКИ:

Почитуван претседателе, претставници на Владата, колеги пратеници,

Министерот даде извонредно образложение во врска со овој закон, но малку ме чуди остриот напад од страна на опозицијата спрема една мерка која е насочена кон санирање на една состојба во обласа на вработувањето на сите граѓанир на Република Македонија , која ја искажаа и при донесувањето на Буџетот и денес, мерка која фактички директно би придонела во намалвуањето на сиромаштијата.

Фрапантна е состојбата во оваа обалст, има 374 илјади невработени лица. Само во соодност со 1998 година таа бројка е зголемена за 110 илјади невработени. Значи состојбите се сериозни и токму едни вакви  мерки се насочени во тој правец. За жал, се сеќавам тоа беше некаде во јануари , февруари 1999 година, кога се укинуваше тогашаниот закон сличен на денешниот и каде што тогашната власт ветуваше дека ќе донесе низа мерки за намалување на бројот на невработените. За жал, не се случи ништо од тоа и вработувањето во овој период се вршеше изгледа исклучиво во јавните фирми, јавните институции, фондовите и т.н. Знаете кој е најголем работодавач денес? Дежавата. Над 120 илјади лица се вработени таму. Министерот истакна дека 2002 година 21 ново лице е вработено на неопределено

време. Знаете дека 12 илјади такви лица се вработени во државните институции. Вие денес имате една состојба, да ви кажам искрено, на изместени размислувања. Денес, еве, на власт сме ние, нека кажат колегите пратеници од позицијата дека притисокот во овој период се врши исклучиво да се вработат луѓе директно во државнит еинституции. Јас ќе ви кажам пример. Во Гостивар пред 4-5 месеци, првпат ми се случи пред некој ден да ми се јави едно лице, разбрало дека е рестартирана фирмата "Жито Шар" и побара работа таму. Друг никој не се јавил. Значи, навистина треба да се преиспитаме дали ни се потребни вакви мерки или не ни се потребни. Се укина тој закон, а кажав дека даде соодветни резултати, но не би образложувал какви беа тие бидјеки министерот го истакна истото.

Сега во една ваква констелација на односи се поставува прашањето дали Владата треба да стои на страна или не треба да стои на страна. Секоја сериозна Влада сериозно треба да ги третира овие проблеми и затоа во тој концепт на макро-економска политика треба да се предвидат мерки токму во тој правец. Од пазарна гледна точка, можеби не е класична пазарна мерка, но индирекно е потребна, потребно е да се намали бројот на вработените. Да ви кажам искрено, и предвидените трошоци кои се предвидени во Буџетот, според мене индирекно имаат развоен карактер, од аспект што ќе се вработуваат луѓе во стопанството, ќе придонесат за зголемвуање на материјалите блага, односно за севкупниот економски развој. Се разбира, во овој правец успешно имплементирање на овој закон е неможно без соодветни други мерки кои мора да се донесат, во областа на кредитирањето на малите и средните претпријатија, формирањето на гарантни фондови, кредитирањето на извозот и севкупно со такви економски мерки може да се придонесе за намалувањето на вработеноста во Македонија индирекно да придонесе за намалување на сиромаштијата и сите оние негативни последици кои ги почувствувал секој граѓанин на нашата земја.

Затоа, овој Предлог на закон би требало и опозицијата да го подржи, заеднички да се делува и Македонија да излезе од оваа економска катастрофа и да го фатиме патот, да се приближиме кон земјите каде што овој проблем не е на така високо ниво изразен. Затоа , за истиов закон ќе гласам позитивно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлагам за денес да го слушнеме последниот дискутант, господинот Јашари Аднан.

ЈАШАРИ АДНАН:

Почитуван претседателе, почитуван минситре, почитувнаи колеги,

Ќе се обидам да бидат што е можно пократок, со оглед на фактот што сум последниот дискутант. Сите знаеме дека Република Македонија се наоѓа во еден период од својот развој што во литературата се нарекува транзиционен период. Во оваа фаза на развојот се наоѓаат скоро сите земји од Југоисточна и Централна Европа, каде главна карактеристика е таканаречениот феномен транзиционен шок. Меѓу другото, овој феномен несомнено е карактеризиран и со драстично зголемвуање на невработените лица. Во Република Македонија, како што знаеме, бројот на вработените е толкав колкав што е. Во овие услови, ког аскоро сите земји во транзиција, вклучувајки ја и Македонија, се соочуваат со многу слабости што на одреден начин ги попречуваат странските дирекни инвестиции, се јавува дилемата дали можеби Владата или соодветното минситерство треба да остане со скрстени раце или треба да преземе соодветни мерки за елиминирање на таквите тешкотии и слабости. Јас мислам дека Владата и соодветното минситерство презеле соодветни мерки, соодветна акција со предлагањето на овој закон, со кој се предвидуваат многу емрки за поттикнување на вработувањето, за да с епотикне работодавачот, кои според моето длабоко мислење ќе имаат позитивни мерки во насока на реализирањето на целите на самиот закон. Зошто мислам така?

Најнапред, со предлогот на законот се предвидува надомест на средствата на работодавачот во висина на наплатените надоместоци,како што е придонесот за пензиско-инвалидското и здравственото осигурување за одредено време од 24 месеци.

Второ, работодавачаот кој ќе вработи некое невработено лице, кое е корисник на паричен надомест врз основ ана невработеност има право на тримесечен паричен надомест во висина од 50% од нето просечната плата во Република Македонија .

и трето, доколку се вработи некое лице, кое е корисник на социјална помош, работодавачот има право на тримесечна исплата на просечниот износ на социјалната помош во претходната година.

Овие три мерки семтам дека се потребни мерки и веројатно ќе послужат како поттик и ќе ги произведат соодветните ефекти во насока на намалување на невработеноста.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Јашари.

Почитувани пратеници, имавме напорна недела. Сега ќе завршиме тука, а во понеделник во 10,00 часот ќе продлжиме со истата седница.

(Седницата прекина во 17,00 часот).